магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 72 страници

Година 3 Број 3

Мај 2024 г.

Цена 150 ден.



## МЕГАИНТЕРВЈУ

**Наќе Чулев, поранешен министер за внатрешни работи**

***„КОРУПЦИЈАТА Е НАЈПРИСУТНА ВО ОРГАНИТЕ НА ПРОГОНОТ И ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГО СПРОВЕДУВААТ ЗАКОНОТ, ОДГОВОРНОСТ МОРА ДА ИМА!***

**ТЕМА**

**Какви политички промени донесоа двојните избори во Македонија?**

**АНАЛИЗА**

**Зошто во Македонија нема странски студенти?**

**ИДНИНА**

**Наши алумни: Ема ТЕМЕЛКОВСКА**

ISSN 2671-3934

5 318000 033115

www.magazinturizam.mk




Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАТЕМА: **Наќе ЧУЛЕВ, поранешен министер за внатрешни работи** 4



АНАЛИЗА: **Зошто во Македонија нема странски студенти?** 12



КОЛУМНА: **Доц. д-р Нина АНГЕЛОВСКА:** И во Македонија може да се успее 18



ТЕМА: **Какви политички промени донесоа двојните избори во Македонија?** 24



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Охрид, Кирил ПЕЦАКОВ** 32



РЕПОРТАЖА: **Најубавите македонски предели** 40



ДУРБИН: **Традиционална кинеска медицина на Универзитетот Скопје** 46



ИДНИНА: **Наши алумни: Ема ТЕМЕЛКОВСКА** 52



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Италија – земја партнер на Македонија** 60



КОМПАРАЦИЈА: **Евтини авиобилети дома и во регионот** 66

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ



*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ДОВЕРБАТА ОД ГРАЃАНИТЕ - СИЛЕН МОТИВ ЗА НОВАТА ВЛАСТ

*Двојните изборни процеси во Македонија завршија, ВМРО-ДПМНЕ извојува убедлива и историска победа. По две децении, ДУИ конечно оди во опозиција. Земјава за првпат доби и жена-претседател, универзитетската професорка Гордана Силјановска-Давкова. Она што по бурниот изборен период ги интересира граѓаните е дали ќе живеат подобро и што ќе промени новата Влада на социјален, економски и на политичка план.*

*ВМРО-ДПМНЕ во програмата 1198, објави дека има план да го намали за 10% бројот на јавните институции, се предвидува укинување на позицијата заменик-директор, како и намалување на управните и на надзорни одбори и бројот на учесници во нив, за да се намали бесполезното трошење на народните пари. Планирани се и нови министерства за енергетика и за спорт.*

*Граѓаните очекуваат жестока борба со корупцијата и справување со инфлацијата. Скапиот живот, невработеноста и корупцијата како најголеми проблеми за населението треба да бидат главните задачи на идната Влада. Народот го направи својот избор, а партиите сега ќе мора да го исполнат ветеното, она што веќе го најавија во предизборната кампања. Изборите повторно покажаа дека народот разликува реални проекти од популизам, казнува и наградува, дава и одзема власт!*

# КОРУПЦИЈАТА Е НАЈПРИСУТНА ВО ОРГАНИТЕ НА ПРОГОНОТ И ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГО СПРОВЕДУВААТ ЗАКОНОТ, ОДГОВОРНОСТ МОРА ДА ИМА

**Наќе Чулев е поранешен министер за внатрешни работи, кој на челното место на МВР доаѓа со големо искуство во криминалистиката. Тој работел во Директоратот за разузнавање на меѓународен тероризам и организиран криминал во Агенцијата за разузнавање и бил редовен професор на Дипломатската академија на МНР. Чулев бил и директор на Агенцијата за разузнавање, како и прв секретар во амбасадата на Македонија во Анкара, Турција. Неговото образование почнува во младите години кога дипломирал криминалистика, а постдипломските студии ги завршил во областа мир и развој. Тој во интервју за „Магазин за туризам и менаџмент" зборува за многу прашања, но дава одговор и за тоа „Колку е Македонија безбедна и сигурна земја"?**

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## Наќе Чулев, поранешен министер за внатрешни работи





Чулев: „Најголема пречка за патот на Република Македонија кон Европската Унија, а воедно и клучен предизвик е високото ниво на корупција и криминал.“

**Дали сметате дека уставните измени се пречка за влез во ЕУ или, пак, тоа е високото ниво на корупција, кое е нотирано во изминатите извештаи на Европската комисија?**

Најголема пречка за патот на Република Македонија кон Европската Унија, а воедно и клучен предизвик е високото ниво на корупција и криминал. Ова се информациите и пораките што на дневна основа доаѓаат од меѓународните дипломатски и разузнавачко-безбедносни претставници во земјата и надвор од неа. Ниту промена на Уставот на Македонија ниту што било друго не е вистински проблем или пречка на патот на евроинтеграциите на Македонија. Тоа е замајување на јавноста и одвлекување од дневните проблеми.

Впрочем, и самата Делегација на ЕУ во Македонија и други релевантни меѓународни



Чулев: „За жал, од институција со меѓународен кредибилитет и реноме, МВР стана орган со сериозен кадровски недостиг што не може да испорача сигурност и безбедност за граѓаните."
*Извор: 360 степени*





организации, во секој извештај констатираат дека најголем суштински недостаток на Македонија во евроинтегративниот процес е токму енормната корупција. Во оваа насока, од круцијално значење е интенцијата на новата Влада да ѝ објави војна на корупцијата и да ги гони сите корумпирани функционери сè додека не се соочат со лицето на правдата, а резултатите да бидат видливи и мерливи.

**Голема врева се крена околу некористењето на „северна" во свечената заклетва за време на инаугурацијата на претседателката Гордана Силјановска-Давкова во законодавниот дом. Најголеми реакции имаат соседните земји. Иако надворешната политика не е Ваш сегмент, сепак, кој е Вашиот став по употребата на географска одредница на нашата земја за домашна употреба?**

Реакциите и нападите според мене се нереални и насочени кон нешто за кое ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија има изградено став што ѝ е познат на јавноста. Напредокот на земјата, спроведувањето на реформите и решавањето на клучните прашања се важен приоритет на политичката партија, и тука нема дилема дека ЕУ-интеграцијата мора продолжи, но не и по цена на отстапки во однос на националните прашања.

Ставот на партијата во однос на интегративните прашања е јасен, но исто така треба да бидеме јасни и дека сите ние имаме обврска да водиме сметка за државата, затоа што претходната власт предводена од СДСМ, на ова прашање речиси и да не му посветуваше внимание.

Новата претседателка на државата Силјановска-Давкова е одличен правник и



уверен сум дека таа во иднина ќе постапува онака како што налага Уставот. Сите ние имаме личен став околу промената на името и како политичари избрани од народот имаме обврска да го почитуваме Уставот, но истовремено и да водиме сметка за националните интереси.

**Вие доаѓате од секторот МВР. Како поранешен Министер за внатрешни работи, каква оценка можете да дадете за работата на полицијата во изминатите години?**

Лошото раководење со полицијата и генерално со Министерството за внатрешни работи, за жал, од институција со меѓународен кредибилитет и реноме направи орган што има сериозен кадровски недостиг и проблем да испорача сигурност и безбедност за граѓаните, дотолку повеќе што и самата таа институција во минатото беше инволвирана во бројни корупциски и безбедносни скандали од меѓународни рамки.

За жал, според тоа што јас го забележувам, етичките и професионалните вредности во Министерството за внатрешни работи се целосно девастирани и руинирани, а редот, дисциплината и хиерархијата се сериозно нарушени. Системот на полицијата се соочува со сериозен дефицит на конспиративност, професионалност и стручност, а како резултат на сериозни политички и субјективни влијанија, системот на кариера е целосно уништен. Припадниците на МВР се сè почесто предмет на насилни напади. Корупцијата и пенетрацијата на криминалните структури во МВР е сериозна и загрижувачка.

Како човек кој долго време е дел од безбедносниот систем, сметам дека неопходно е најприоритетно да се адресираат овие сериозни аномалии ако сакаме готовноста, мотивираноста и ефикасноста на полицијата да биде на посакувано ниво.

**Промената на личните документи направи вистински хаос за граѓаните. Често го обвинувавте поранешниот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски дека безредието е токму поради него. Дали сметате дека можеше поинаку да бидат организирани службите за да се поедностави постапката?**

Во изминатиот период, неколку пати споменав и повторно ќе го потенцирам ова, дека со добра организација, навремено планирање на работите и соодветни кадровски решенија, процесот на промена на личните документи можеше да се спроведе многу подобро и поефикасно. Оливер Спасовски и луѓето поставени од него, создадоа криза што резултираше со тоа слободното движење на граѓаните да биде ограничено, што според мене е пред сè дискриминирачко, а потоа и понижувачко.

Резултатите од парламентарните избори што се одржаа пред некој месец, донесоа политичка одговорност за политичарите како Спасовски, чиј резултат во втората изборна единица е катастрофално лош. На овој начин покажаа дека тој има сериозна вина и одговорност за лошата состојба во државата. Но, политичката одговорност не е доволна за ваков сериозен пропуст, очекувам во иднина, по формирањето на Владата, да има и правна одговорност за сите оние што во случајот со личните документи постапиле спротивно на законите.

Идентична ситуација и криза креирана од поранешниот министер Оливер Спасовски имаше и во 2020 година, повторно пред самото формирање на техничката влада, за што беше поднесена и соодветна кривична пријава поради констатирани незаконски дејствија во делот на набавка на лични документи. Кризата со личните документи е директна последица на неодговорното и лошо работење и раководење со МВР. Се работи пред сè за лоша интерна организација и лошо планирање и алоцирање на ресурсите за набавка и изработка на лични документи,

што доведе граѓаните на Македонија да се обесправени, дискриминирани и понижени поради неможноста да ги остварат основните човекови права.

**Колку е Македонија безбедна земја и колку владее криминалот на улиците? Колку злосторниците ги добиваат своите казни? Во билтените на МВР многу често можат да се прочитаат кражби, но малку решенија. Според „Глобалниот индекс на мир“, земјата се наоѓа на 38. место.**

За жал, досегашната влада во заминување, не успеа да испорача живот за граѓаните во побезбедна и посигурна држава. МВР фабрикуваше наместени статистички показатели за наводен пад на криминалитетот, но граѓаните се сведоци за големиот број нерасчистени убиства, разбојништва, пукање, насилство и дивеење на криминални банди на јавни места, лесна достапност на наркотични средства итн. Откривачката функција на МВР во однос на сериозните кривични дела е на исклучително ниско ниво. Криминалните структури метастазираа во целото општество, а криминалците станаа тик-ток ѕвезди и инфлуенсери со кои се идентификуваат дел од младите лица, што зборува за сериозна деградација на системот на вредности во државата.

Мојата желба е да живееме во стабилна, безбедна и економски развиена земја, за да можеме да ги задржиме младите тука, бидејќи тие се нашата иднина. Затоа, приоритет на новата влада и МВР ќе биде бескомпромисна и неселективна борба против сите што постапуваат спротивно на законот, без разлика на нивната етничка, верска или политичка определба.

**Дали има доволно стручен кадар во МВР?**

Во рамки на МВР има чесни и стручни професионалци што имаат капацитет и потенцијал да испорачаат врвни резултати во областа на безбедноста. Сепак, во моментот истите функционираат во многу ограничувачки услови. Потребни се големи промени, но пред сè е неопходно враќање на ентузијазмот, дигнитетот и на мотивираноста кај припадниците на МВР.

За таа цел, задолжително е да се изгради модерна, ефикасна и транспарентна полиција. Потребно е подигање на животниот стандард на припадниците на МВР, модернизирање и набавка на сосема нови современи и функционални униформи, целосна дигитализација и воведување информатичка технологија во работењето и услугите што ги дава МВР, воспоставување ефикасен систем на кариера и негово доследно почитување, континуирани специјалистички обуки на вработените, повторно етаблирање на средното полициско училиште, понуда за работа за најдобрите студенти од сродните факултети, јакнење на оперативно-техничките капацитети на МВР, продлабочување на меѓународната соработка итн.

**Во нашата земја првпат се одржа Самит на ОБСЕ. Но, во исто време се случи и двојно убиство, токму кога земјата требаше да биде на највисоко безбедносно ниво. Каква порака испративме кон странските земји по завршувањето на Самитот, во однос на работата на полицијата?**

За жал, наместо да биде институција што ќе креира и спроведува национална стратегија за борба против криминалот и корупцијата и ќе се грижи за безбедноста на граѓаните, денес МВР е претворено во комуникациска агенција од каде што секојдневно слушаме колку граѓани возеле со брзина поголема од дозволената. Во неколку околности претходно споменав и јавноста знае дека Македонија стана една од главните логистички бази за издавање државјанства, пасоши, банкарски сметки и други документи на белосветски криминалци, екстремисти и други безбедносно индикативни лица.




**Чулев: „Младите се соочуваат со ограничени можности во еден корумпиран и непотистички систем.“**

Наместо да имаме полиција што ќе соработува со останатите во регионот, имавме министер што секојдневно е во друштво на локалните дилери и криминалци. Ваквиот однос на раководството нè доведе до состојба кога откривачката улога на Министерството за внатрешни работи е доведена во прашања, а превенцијата речиси и да не постои. Ваквата состојба многу природно резултираше со тоа додека се одржува висок безбедносен самит, да имаме сериозен безбедносен инцидент – односно убиство – случај што Министерството за внатрешни работи требаше многу побрзо целосно да го расчисти.

**Обвинителството и судот се продолжена рака, но и главна алка за решение на криминалот и корупцијата во една земја. Каква е соработката меѓу институциите, а со тоа, колкава е и нивната ефикасност?**

Институциите надлежни за спроведување на законот, но и правосудните органи, се високо партизирани, пренатрупани со нововработен неквалитетен и нестручен кадар што не може да испорача резултати, а немотивираноста и апатијата е главна карактеристика. Дополнително, недостига ефикасна координација и соработка меѓу нив, што е од круцијално значење за водење ефикасни истраги во делот на борбата против корупцијата и организираниот криминал. Државата мора да изгради сериозни капацитети и да манифестира политичка волја и решителност за справување со катастрофалната ситуација со организираниот криминал и корупцијата во која се наоѓа државата. Секако, дека во таа насока не треба да бидат изземени, туку напротив, најпрво треба да се расчисти со сите оние вработени во обвинителството, судот, МВР и другите органи за спроведување на законот инволвирани во корупција и криминални активности.

**Злоупотреба на службена должност,**

ЧУЛЕВ: *Младите се соочуваат со ограничени можности во еден корумпиран и непотистички систем, каде што мерит-системот е на маргините, а владеењето на правниот систем и довербата во јавните институции се сериозно нарушени. За младите овие сериозни системски аномалии се особено обесхрабрувачки. Недостигот од фер и функционален систем им ги ограничува можностите за личен и за професионален развој. Кога младите гледаат дека нивните напори и талент не се препознаени и соодветно наградени, а напредувањето е повеќе засновано на тоа кого знаеш, а помалку на тоа колку и што знаеш, тие ја губат надежта за подобра иднина во татковината. На овој начин Македонија се соочува со сериозен проблем на одлив на млада, талентирана, динамична и креативна популација, што води до сериозен демографски дисбаланс, а кој реално им наштетува на развојот и на економскиот напредок на државата и носи сериозни општествени предизвици.*

**потребата од чести „врски“ во институциите за да можат граѓаните да ги завршат своите обврски се чест случај во нашата земја. Немањето систем во една држава е најчесто клучниот проблем и причина зошто си заминуваат младите од домот и бараат подобри услови во друга земја. Како да се спречи одливот на млади луѓе?**

Брзото адресирање на овие акумулирани негативни општествени феномени е од суштинско значење бидејќи освен ерозија на општествената доверба, социјална нееднаквост и нарушување на економската стабилност, тие се и иницијална написла во процесот на носењето одлуки кај младите да

ја напуштат земјата. Според мене, одливот на „млади мозоци" е најсериозниот безбедносен и општествен предизвик за Македонија со далекусежни последици. Младите се соочуваат со ограничени можности во еден корумпиран и непотистички систем, каде што мерит-системот е на маргините, а владеењето на правниот систем и довербата во јавните институции се сериозно нарушени. За младите, овие сериозни системски аномалии се посебно обесхрабрувачки. Недостигот од фер и функционален систем им ги ограничува можностите за личен и професионален развој. Кога гледаат младите дека нивните напори и талент не се препознаени и соодветно наградени, а напредувањето е повеќе засновано на тоа кого знаеш, а помалку на колку и што знаеш, тие ја губат надежта за подобра иднина во татковината. На овој начин, Македонија се соочува со сериозен проблем на одлив на млада, талентирана, динамична и креативна популација, што води кон сериозен демографски дисбаланс. Тоа реално им наштетува на развојот и економскиот напредок на државата и носи сериозни општествени предизвици.

**Според Вас, каде најмногу владее корупцијата во Македонија?**

Корупцијата метастазира во сите сфери во општеството, а најпоразителен е фактот што еден од највисоките степени на корупција е присутен во органите на прогонот и оние институции што треба да го спроведуваат законот. Одговорност за корупцијата и криминалот мора да има, бидејќи тоа се темелите на правната држава. Сите што го прекршиле законот и бесрамно се збогатиле на грбот на граѓаните, и истовремено ја пониижиле и ја предале татковината, мора да бидат изведени пред лицето на правдата. Тоа се очекувања на граѓаните и тие очекувања мора да бидат реализирани. Ова е последната можност, да се врати довербата на граѓаните во правната држава. Новата влада мора посветено да се ангажира на неселективна борба против криминалот и корупцијата.

**Македонија е мала, но земја полна со убавини. Каде го наоѓате Вашиот мир?**

Мирот го наоѓам во моментите што ги поминувам во природа пешачејќи сам или со добро друштво, меѓу дрвјата и зеленилото, што ми помага да се ослободам од стресот и повторно да се поврзам со самиот себе. По потекло сум од Кавадарци, па често знам со семејството да заминам на одмор во тој крај. Ме релаксираат и планините, Охридското Езеро и парковите во близина на Скопје.

Чулев: „Политичката одговорност не е доволна. Очекувам во иднина, да има и правна одговорност за сите што во случајот со личните документи постапиле спротивно на законите."
*Извор: 24.mk*



# ЗОШТО ВО МАКЕДОНИЈА НЕМА СТРАНСКИ СТУДЕНТИ?



Зошто нема странски студенти во Македонија е прашање на кое државата во иднина треба да посветува огромно внимание со цел да се смени ваквата очајна состојба. Ако посетите некои од високообразовните установи, покрај домашните студенти, нема воопшто да забележите дека меѓу нив има студенти од странство.

За тоа кои се причините за малиот број, зошто треба странски студенти да дојдат во Македонија, што нудат нашите високообразовни институции, кои проблеми треба да ги решава државата, разговаравме со дел од академскиот кадар на Универзитетот Скопје.

Тие, најголемата кочница ја гледаат во државните институции како Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи и Министерството за образование и наука, во процесот на издавање виза за престој која треба да ја добијат странските студенти. Па така, „патот“ до неа е трнлив, макотрпен и обременет со бирократски процедури меѓу МНР, МВР и МОН. На крај, и оние студенти што размислувале да дојдат и да студираат во Македонија се откажуваат уште на старт затоа што освен што е сложена, процедурата за добивање дозвола за престој станува и скапа.

# АНАЛИЗА




*Извор: Фото илустрација - Ристе Камчев*



*„Во дискусијата за отсуството на странски студенти во Македонија и потенцијалната спрега меѓу министерствата за внатрешни работи, надворешни работи и образование, од суштинско значење е да се навлезе подлабоко во прашањето. Прво, повеќе од очигледно е дека има долгогодишни ограничувања за странските студенти што сакаат да се запишат на македонските универзитети. Ова е загрижувачки феномен, особено во сè поглобализираниот свет каде што меѓукултурната размена и меѓународната соработка се поважни од кога било. Причините зад овие ограничувања навистина заслужуваат критичко испитување. Едно можно објаснување е поимот заштита на домашните интереси. Сепак, овој аргумент брзо го губи својот кредибилитет кога ќе се противстави на практиките на многубројни европски земји што активно ги прифаќаат странските студенти. Многу држави од ЕУ, на пример, активно регрутираат студенти од целиот свет препознавајќи го непроценливиот придонес што го носат во нивните академски институции и локални економии. Земјите како Германија, Франција и Холандија имаат спроведено политики и иницијативи за*



Странските студенти во Македонија може да бидат Еразмус-студенти и да поминат дел од студиите во други земји.

*привлекување странски студенти од целиот свет. Добро е познат отворениот став на Франција кон странските студенти. За пример се иницијативите како кампањата „Добредојдовте во Франција", која ја олеснува нивната интеграција и обезбедува услуги за поддршка. Ваквите проактивни мерки не само што поттикнуваат енергична мултикултурна средина во универзитетите, туку и значително придонесуваат за локалната економија преку зголемена потрошувачка, отворање работни места и иновации.*

*Испитувањето на врската меѓу министерствата за внатрешни работи, за надворешни работи и за образование ги открива сите потенцијални бирократски пречки што може да го усложнат овој процес. Навистина, сложеноста и скапата процедура за упис на странски студенти во Македонија се значајни бариери. На пример, фактот што постои само една македонска амбасада на континентот Африка, лоцирана во Египет, ги навестува логистичките предизвици со кои се соочуваат идните студенти од другите земји на овој континент. Ова географско тесно грло не само што ги засилува бирократските пречки, туку и го зголемува финансискиот товар на апликантите. Ваквата сложеност и поврзаните трошоци дополнително ги одвраќаат потенцијалните странски студенти намалувајќи го и онака нискиот број на уписи. Оваа ситуација не само што се одразува лошо врз посветеноста на Македонија за интернационализација, туку и ја попречува нејзината способност да ги искористи различните придобивки што ги носат странските студенти"*, изјави генералниот секретар на Универзитетот Скопје, проф. д-р Јана Илиева.

Проректорот за наука, проф. д-р Зоран Ивановски вели дека за привлекување странски студенти е потребен зголемен ангажман на универзитетите и сериозни инвестиции во маркетинг поради силната

конкуренција од други земји. Иако се подготвени домашните универзитети да се зафатат со овој предизвик, се соочуваат со проблеми на секој чекор кај домашните државни институции.

*„Постапката за упис на странските студенти е комплицирана, недоволно координирана меѓу релевантните чинители и без реална желба состојбите да се менуваат и да им се олесни на универзитетите да запишуваат странски студенти. Главната пречка на тој пат е добивањето виза (дозвола за престој) за студентот, каде што МВР бара голем број документи, меѓу кои и нотарски договор за обезбеден стан. Имајќи предвид дека најголем број апликанти доаѓаат од азиските земји на кои им е потребна виза за доаѓање во Македонија, обезбедувањето договор за закуп станува речиси „невозможна мисија" (како да обезбеди нотарски договор кога не може да влезе во државата?). На ова се надоврзуваат некоординараноста меѓу МНР (која ги прима апликациите за виза во странство) и МВР (која ги прима од МНР и носи конечна одлука за одобрување на престојот), како и недоволно конзистентна процедура на МОН за нострификација на претходното образование. На пример, се бараат свидетелства за 4 години средно образование иако во некои земји има друг систем (9+3)"*, објаснува професорот Зоран Ивановски од Универзитетот Скопје.

Бенефитите за нашата држава ќе бидат секако огромни ако се зголеми бројот на странските студенти во Македонија. Тоа ќе значи многубројни придобивки за нашата држава преку изнајмување станови, трошоци за живот и други активности што ќе значат дополнителен прилив и придонес за целокупната економија. Затоа, експертите апелираат да се намалат административните оптоварувања за да не заостанува Македонија во глобалниот натпревар за таленти и иновации.

*„Во светлината на овие предизвици, императив е овие министерства да го ослободат и да го рационализираат процесот на упис. Со намалување на административните оптоварувања и подобрување на пристапноста, Македонија може да привлече странски потенцијал кој не само што ќе ја збогати академската слика, туку и ќе произведе многубројни економски придобивки што го придружуваат меѓународното студентско присуство. Ова дотолку повеќе што отсуството на странски студенти носи значителни економски импликации. Меѓународните студенти, како што веќе споменав, не само што придонесуваат за различноста и богатството на академскиот дискурс, туку и внесуваат витални средства во домашната економија. Од школарина до трошоци за живот, нивниот финансиски придонес може да ги зајакне локалните бизниси и да поддржат создавање работни места.*

*Во суштина, недостигот од странски студенти во Македонија повеќе претставува пропуштена можност отколку заштитна мерка. Строгите процедури на Македонија и ограничените напори за информирање се во целосна спротивност со инклузивните практики усвоени од нејзините европски колеги. Со неуспехот да ги искористи придобивките од меѓународната студентска мобилност, Македонија ризикува да заостане во глобалниот натпревар за таленти и иновации. Постои итна потреба за промена на парадигмата во пристапот на земјата кон привлекувањето и уписот на странски студенти и нејзино усогласување со прогресивните политики забележани низ Европската Унија"*, вели Илиева.

***„Пазарот на високо образование во нашата земја е ‚плиток', секоја година се намалува бројот на средношколци во Македонија, а од друга страна бројот на високообразовни институции расте. Таквата состојба ја наметнува потребата од привлекување странски студенти, со цел продуктивно искористување на домашните капацитети, но и за зголемување на девизниот прилив на националната економија. Впрочем, нашата држава, како мала и отворена економија, постојано прокламира потреба од зајакнување на извозот со цел обезбедување динамичен економски раст, а од друга страна, сосема малку ги користи можностите на своите високообразовни институции да обезбеди солидни финансиски средства од странските студенти. Статистиките укажуваат дека еден студент од странство во просек троши околу 10.000 евра годишно (школарина, закупнини, храна и др.), што укажува на сериозен износ на странска акумулација. Таа би значела многу за раст на домашната економија, особено во услови кога растот се финансира со задолжувања од странство“***, дециден е Ивановски.

За да се смени состојбата, потребна е само „политичка волја“ и координација помеѓу овие три релевантни институции, децидeн е проректорот.

***„Ако се нивни интерес растот на економијата и на животниот стандард на своите граѓани, порастот на профитабилноста на домашните компании и вклучувањето на универзитетите на меѓународниот пазар, тогаш ваквата состојба би требало брзу да се менува. Дали ќе има новата власт слух да ја смени состојбата, останува да видиме веќе во текот на летото, кога започнуваат уписите на домашните универзитети“***, констатира професорот Ивановски.

Александар Богојевски, пак, од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност Еразмус плус, вели дека во студијата што ја има направено пред неколку години, има наведено неколку конкретни причини зошто би требало странските студенти да дојдат да студираат во Македонија

***„Имам наведено неколку причини како на пример географската положба, ниската котизација на нашите домашни универзитети, ниските трошоци за живот тука. Дополнително, студентите додека студираат во Македонија, без разлика дали се странски или домашни, имаат можност и право да бидат Еразмус-студенти, што значи дека можат дел од своите студии да го поминат во странство“***, вели Богојевски.

## КОЛКУ СТРАНСКИ СТУДЕНТИ СТУДИРААТ ВО ЗЕМЈИТЕ НИЗ ЕВРОПА?

Речиси секоја земја има странски студенти, но нивниот број се разликува од земја до земја. Во изминатава деценија, бројот на странски студенти во европските земји е во пораст. Процентот е најголем во земјите од Западна и од Централна Европа, каде што 10-15 отсто од студентите се од странство.

Податоци од Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) за 2020 година покажуваат дека од земјите во Европа, Луксембург има најголем процент странски студенти – 48,4 отсто. По него следуваат Обединетото Кралство со 20,1 отсто, Швајцарија со 18,1 отсто и Австрија со 18 отсто.

Од друга страна, Турција има најмал процент на странски студенти во Европа – 2,3 отсто. Грција има само 2,8 отсто, а Италија има 2,9 отсто.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for **three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO CERTIFIED tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy








# ПРЕТПРИЕМАЧКИ МИКС ОД 8П

Да се биде сопственик на бизнис не мора да значи да се биде претприемач. Да беше така, немаше да ни треба нов и толку комплициран збор. Ако пребарате на Google „претприемач“, ќе ви каже дека тоа е личност која основа бизнис или бизниси, преземајќи финансиски ризици со надеж за профит. Сепак, економистите и некои од најуспешните претприемачи не би се согласиле. Според економистот Џозеф Алоис Шумпетер (1883 – 1950), претприемачите не се нужно мотивирани од профитот, туку го сметаат како стандард за мерење на постигнувањата или успехот. Питер Дракер, кој е добро познат како татко на модерниот менаџмент, ја збогатува дефиницијата со нагласување на „промена“ и „можност“. Тој го дефинира претприемачот како „некој што секогаш

# КОЛУМНА

Пишува: Доц. д-р Нина Ангеловска,
професор на Универзитетот Скопје



Доц. д-р Нина Ангеловска, професор на Универзитетот Скопје.



бара промена, одговара на промената и ја искористува како можност". Самиот збор претприемач потекнува од францускиот збор „entreprendre" што значи „да се преземе". По осум годишно искуство како претприемач и запознаени стотици претприемачи од многу различни земји и култури, го креирав Претприемачкиот микс од 8П, односно „Entrepreneurship Mix 8P's". И ако самиот збор ми изгледаше комплицирано на факултет кога го учев предметот „Претприемништво", можам да кажам дека да се биде претприемач е уште покомплицирано од тоа. Ова се осумте П (анг. P) кои верувам дека ги издвојуваат успешните претприемачи. Магијата се случува со вкрстување на повеќето или уште подобро сите особини, така што редоследот е ирелевантен.



Ангеловска: „Пасијата е клучен извор на енергија, мотивација.“

## 1. ПАСИЈА, СТРАСТ (PASSION)

Пасијата е клучен извор на енергија, мотивација и напорна работа. Тоа е движечка сила за секој претприемач. Тоа е она што нè прави да мислиме и да се чувствуваме како да може да поместиме планини. Тоа е она што го дефинира познатото „ЗОШТО“ (WHY) на Златниот круг на Симон Синек. Ако имате пасија за нешто за кое се трудите да успеете, тогаш ќе го сакате тоа што го правите, а тоа повлекува да сакате да правите уште повеќе од тоа. И колку повеќе го правите тоа, толку е поголема веројатноста да успеете во тоа, затоа што така ќе станувате и подобри од останатите во таа област. Во својата книга „Зборувај како Тед“ („Talk like Ted“), Кармин Гало објаснува дека пасијата е клучот за совладување на вештина. По анализата на стотици одлични говорници и презентери, тој тврди дека пасијата е единственото нешто што е заедничко за сите. Или како што би рекол, успешните претприемачи знаат што е нивниот „драјв“ односно оригинално на англиски “Successful entrepreneurs know what makes their heath sing”.

## 2. ПЕРЦЕПЦИЈА (PERCEPTION)

Приказната за Бата е идеален пример за оваа клучна особина. Продавниците на Бата можат да се најдат низ цела Африка, дури и во нејзините најоддалечени делови. Приказната зад ова е следна:

Кон крајот на 19 век, Африка го отворала својот пазар. Многу производители на чевли испраќале свои претставници во Африка за да видат дали има некаква деловна можност на овој нов пазар. Мнозинството од нив се враќале велејќи: „Никој во Африка не носи чевли, таму нема пазар за нас“. Сите, освен продажниот тим на Бата, кој ентузијастички се вратил со поинакво сознание и став: „Никој во Африка не носи чевли – има огромен пазар за нашите чевли во Африка!“ Пазарните услови биле исти за сите, она што било различно е перцепцијата на можноста.

Слично беше и во нашиот случај со „Grouper“ кога ја лансиравме првата платформа за групно купување со попусти во Македонија во 2011 година, во време кога помалку од 1% од населението купуваше онлајн, а електронската трговија едвај постоеше (немаше правна рамка, недостиг на доверба, мал дел од луѓе со платежни картички итн.). Повеќето мои пријатели со кои ја споделив идејата беа скептични и оправдано мислеа дека пазарот не е подготвен и не е право време. Меѓутоа, ние ентузијастички верувавме дека постои потенцијал, дека попустите ќе бидат одличен поттик за граѓаните да се впуштат во купување оналјн и дека ќе ја промениме е-трговија во Македонија. „Grouper.mk“ многу брзо беше препознаен како game-changer на македонската е-трговија, стотици компании ја направија својата прва онлјан-продажба со „Grouper“ и илјадници граѓани ја направија својата прва онлајн-трансакцијата.

Вистинските претприемачи можат да видат можности каде што другите не можат или не гледаат.



Ангеловска: „Најуспешните претприемачи се дисциплинирани и добро организирани.“

## 3. ПОТЕНЦИЈАЛ (POTENTIAL)

Истражувањата покажуваат дека капацитетот на мозокот на просечен човек е многу поголем од неговата употреба. Најуспешните претприемачи се дисциплинирани и добро организирани, а и се подготвени да жртвуваат часови спиење, како и да прескокнат социјални активности со пријатели за да инвестираат во својот потенцијал. Тие не трошат непродуктивни часови на социјалните мрежи или на озборување, туку го хранат својот мозок со квалитетна содржина и се опкружуваат со успешни луѓе. Секогаш се љубопитни за нови работи. И додека постојат разлики во потенцијалот што секој од нас го поседува, добрата вест е дека нашиот мозок може да се тренира. Добрите претприемачи добро го хранат и го тренираат својот мозок.

Но, пред да се случи овој вид „намерна“ обука, вреди да се спомене дека сето тоа започнува со нашите родители. Прво со нивната ДНК (која не е во нивна контрола) и второ со нивното домашно воспитување (за што се целосно одговорни). Според една студија на Фондацијата Рауч (Rauch Foundation), 85% од мозокот се развива до 5-годишна возраст. Средината на најраните години на детето може да има ефекти што траат цел живот. Затоа, владите и програмите за развој на претприемништвото што се обидуваат да создадат што повеќе претприемачи во овој свет треба да вклучат, или можеби и да започнат со учење на родителите како да воспитуваат и да одраснат претприемачи или луѓе со претприемачки начин на размислување, кои ќе го користат својот потенцијал и ќе напредуваат. Од друга страна, програмите на акцелератори и инкубатори имаат за цел да најдат или да создадат претприемачи во подоцнежните фази, кога е еластичноста на мозокот помала.

## 4. ЛУЃЕ (PEOPLE)

Кога зборувам за луѓе во компании, често го цитирам Зиг Зиглар кој вели: „Вие не градите бизнис. Вие градите луѓе, а луѓето го градат бизнисот“. Луѓето носат добри или лоши одлуки. Секој бизнис зависи од луѓето (без разлика на индустријата) – од менаџерот за маркетинг што ја донел таа лоша одлука да ги одобри тие неубави дизајни за кампањата, до продавачот што го направил најдобриот договор што ги срушил рекордите на продажба, до вработениот во секторот за грижа за корисници што влијае на перцепцијата на брендот и на задоволството на клиентите. Секоја работа



Ангеловска: „На секој претприемач, лидер или менаџер со визија му треба тим кој ја поддржува неговата визија.“

во животот зависи од луѓето. Успехот на една компанија, на деловната единица, на целата држава зависи од луѓето. Дури и кога патуваме и кога истражуваме нови градови, на нашето мислење за тој град не влијае само прекрасната природа или архитектурата, туку луѓето што живеат таму. Тие ја играат можеби најзначајната улога – нивната енергија, култура, став и гостопримство влијаат на нашите впечатоци.

На секој претприемач, лидер или менаџер со визија му треба тим кој ја поддржува неговата визија за да ја направи реалност. Се зависи од способноста на претприемачите да ги најдат вистинските луѓе, да ја пренесат визијата, да привлечат таленти, да инвестираат во градење и одржување на нивните вештини, нивната енергија, став и позитивна енергија.

## 5. ПОСТОЈАНО УЧЕЊЕ (PERSISTENT LEARNING)

Уште како мало девојче, мајка ми ме учеше да се стремам кон знаење и да бидам најдобра во тоа што го правам. Често ми велеше: „Можеш да имаш куќи, автомобили и богатство, но еден ден сето тоа може да го снема. Светот не е секогаш праведен. Единственото нешто што никој не може да ти го одземе е твоето знаење. Ако имаш способност да стекнуваш знаење, да бидеш брза во учење нови работи, секогаш ќе можеш да генерираш нов приход и да изградиш нови работи“. И денес, за да ја надополнам лекцијата на мајка ми, би рекла дека уште една работа што никој не може да ни ја одземе е нашата пасија. Она што го имаме во нашите умови (знаењето) и она што го имаме во нашите срца (страста) нè прави единствени како нашата ДНК. Постојаното учење значи учење во секое време, насекаде и од секого. Извонредните претприемачи се способни да апсорбираат вредни информации и знаење од секого како сунѓери. Способноста да се учи брзо е една од клучните карактеристики на успешните претприемачи во денешниот свет, кој се менува побрзо од кога било.

## 6. ПОСТОЈАНА ПРОМЕНА (PERMANENT CHANGE)

Сите сакаат промени, но никој не сака да се менува. Отпорот кон промените е во нашата човечка природа, но колку побрзо се тренираме да прифатиме и да се приспособиме на промените, толку побрзо ќе станеме подобри. Успешните претприемачи се флексибилни, можат брзо да се приспособат и да се променат. Способноста да се согледа промената како позитивна работа, да се реагира и да се адаптира на неа, е една од најмоќните вештини. Како што рекол Чарлс Дарвин: „Не е најсилниот од видовите тој што преживува, ниту е најинтелигентниот. Тоа е оној што е најадаптибилен на промените“. Или како што вика Мајкл Џексон „Започнувам со човекот во огледалото и барам од него да го промени својот начин... Ако сакате да го направите светот подобро место, погледнете се себеси и направете промена“.

## 7. УПОРНОСТ И РЕШИТЕЛНОСТ (PERSEVERANCE)

Замислете дека сте тргнале на патување кон вашата посакувана дестинација. Долго сте планирале и сте го замислувале тоа прекрасно место. Го започнувате патувањето и одеднаш на вашиот пат стои голема карпа. Кои ви се опциите во таква ситуација? Ако имате некои силни пријатели, можеби ќе им се јавите да ви помогнат да ја тргнете карпата. Ако немате силни пријатели, вашето решение можеби ќе биде да се прекачите преку карпата. Но, ако не знаете како да се качувате по карпи, тогаш опција ќе би биде да земете часови за качување на карпи по што ќе бидете посилни за една нова вештина што ќе ви помогне да ја поминете препреката што ви стои на патот. Така е и во бизнисот. „Карпата“ симболизира секаков вид пречка со која може да се соочите (тоа може да е финансиско прашање, маркетинг прашање, правно и сл). „Силните пријатели“ се контактите, мрежите и луѓето што ги имате во животот кои можат да ви помогнат во различни ситуации. „Часовите за искачување карпи“ се секоја нова вештина што во тоа време не ја знаете или не ве интересира, но ја учите затоа што тоа е вашиот единствен начин да продолжите кон вашата цел. Во текот на над 10 години обемна и напорна работа, надминување бариери, отстранување карпи, справување со секакви ситуации, донесување одлуки, работа со различни карактери на луѓе и средби со луѓе од целиот свет, научив многу. Всушност, од денешна перспектива сум благодарна за сите борби, за сите тие „карпи“ на мојот пат, за секој решен проблем (кој ми изгледал нерешлив во тој момент) затоа што сето тоа ме направило пофлексибилна, адаптибилна, поснаодлива и поискусна. Сите пречки придонесоа да стекнам конкурентска предност и да бидам подобра и посилна личност. Ништо во животот не доаѓа лесно (барем не успехот и добрите работи). Ако имаме мисија, ако имаме пасија, нема да биде лесно. Патот ќе биде трнлив, ќе има карпи на патот, некои од нив ќе бидат лесни, некои ќе бидат супер тешки, но ако нема карпи, едно е сигурно – не сме на вистинскиот пат. Нема да биде лесно и не треба да бараме лесно бидејќи на тој начин никој нема да може да го копира она што го создаваме.

## 8. ПРОАКТИВНОСТ (PROACTIVENESS)

Повеќето луѓе го испорачуваат само основниот минимум, го прават само она што им е побарано, исполнувајќи ги минималните барања и очекувања (или уште полошо, и под тоа). Нив треба да им се делегира прецизно и детално, а често треба и да се микро-менаџираат.

Успешните претприемачи иницираат – ја гледаат поголемата слика и ги предвидуваат околностите. Тие се проактивни наместо реактивни, „играат напад, наместо одбрана“. И тоа е она што ги прави тешко заменливи во која било дадена средина.

Ангеловска: „Успешните претприемачи иницираат, ја гледаат поголемата слика и ги предвидуваат околностите.“



# ИСТОРИСКА ПОБЕДА НА ВМРО-ДПМНЕ: ШТО МОЖЕ ДА ОЧЕКУВААТ МАКЕДОНЦИТЕ ОД НОВАТА ВЛАСТ?



Двојните изборни процеси во Македонија завршија, притоа донесувајќи значителни промени на политичката сцена во земјава. По убедливиот, историски голем триумф на ВМРО-ДПМНЕ, се поизвесно е дека токму оваа партија ќе ги диригира економските и општествените одлуки во наредните четири години. Во текот на мај траат најважните советувања и преговори за наоѓање коалициони партнери во идната влада. Разговорите со Коалицијата „Вреди“, која беше втора кај албанското гласачко ткиво, се во полн ек, а не е исклучено ни приклучување на новоформената партија ЗНАМ на Максим Димитриевски. По две децении, ДУИ конечно оди во опозиција. Земјава првпат доби и жена-претседател во ликот на универзитетската професорка Гордана Силјановска-Давкова. Она што по бурниот изборен период ги интересира граѓаните е дали ќе живеат подобро и што ќе промени новата влада на социјален, економски и политичка план.



Гордана Силјановска-Давкова, прва жена-претседател на Македонија.
*Извор: Ѓ.Личовски*



## ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА-ДАВКОВА – ПРВА ЖЕНА-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Универзитетската професорка Гордана Силјановска-Давкова стана 6. претседател и прва жена-претседател на Македонија. Таа убедливо го победи противкандидатот, доскорешниот претседател Стево Пендаровски.

Гордана Силјаноска-Давкова даде заклетва пред стариот пратенички состав дека ќе ги почитува Уставот и законите на Македонија, ќе го штити суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста на Македонија. Во првиот говор во Собранието, кој им го посвети на жените, таа вети дека ќе биде претседателка на сите граѓани, на левата и на десната страна во Собранието, ќе биде коректор и ќе реагира во Парламентот кога ќе биде потребно дури и со вето. Давкова повика на единство, кое во моментов е




**Примопредавање на функцијата.**
*Извор: фокус*



потребно повеќе од кога било затоа што Македонија има многу тешка лекција да научи. Добар дел од говорот го посвети на охрабрување на жените, а особено на оние што имаат политички амбиции.

***„За жал, жените ги нема во политиката, затоа сум среќна што ќе инспирирам други жени. Ако јас можам да бидам претседателка, можете и вие! Запомнете, никогаш не ни било потребно поголемо единство, со нас жените ќе се менувате и вие мажите. Ајдете да исчекориме, лекција имаме, многу тешка лекција“***, рече таа.

Уште на стартот, нејзиниот говор пред Собранието предизвика бројни реакции. Грчката амбасадорката Софија Филипиду во знак на протест ја напушти галеријата на собраниската сала за време на говорот на претседателката. Од амбасадата пак велат дека Филипиду ја напуштила салата по инструкции на грчкото МНР, веднаш по заклетвата.

Во свечената изјава напишана во Изборниот законик стои старото уставно име односно Република Македонија, додека во највисокиот правен акт, членот 81 предвидува новоизбраниот шеф на државата да даде ветување во Домот на демократијата, дека ќе ги почитува Уставот и законите. Во текстот таму, никаде не стои обврска да се каже државното име.

Од Кабинетот на претседателката, објаснија дека во своите јавни настапи, македонската претседателка има право да го употребува името Македонија, како чин на лично право на самоопределување и самоидентификација, почитувајќи ги основните човекови права и слободи, и согласно европските вредности и начела.

Дел од правниците и универзитетските професори не гледаат ништо спорно во дадената изјава.

***„Не можам да дадам конкретни забелешки затоа што не сум од дипломатскиот кор, нели, и не е моја задача да коментирам,***

***но, нели, секој пат треба да се почитува волјата на народот и да се земе предвид правото на самоопределување на народите, затоа што тоа е принцип-темелник на меѓународниот поредок на кој се засноваат сите земји“***, смета дел од академската фела.

За поранешниот вицепремиер за евроинтеграции, Васко Наумовски, заклетвата без „северна“ е добар дипломатски потег со кој Македонија по 7 години влезе во офанзива.

***„За жал, во минатите години, Владата на СДСМ создаде една практика на попустливост и кон соседите и кон други инстанции од Меѓународната заедница, притоа не водејќи сметка за суштинските интереси на Македонија особено во прашањата што се однесуваат на нашиот идентитет, јазик, култура и слични области. Гордана Силјановска-Давкова и ВМРО-ДПМНЕ ќе имаат еден различен став, особено кога се работи за позициите за заштита на националните интереси на меѓународен и на регионален план во однос на отворените прашања со соседите. Очекувам оваа принципиелна позиција да продолжи понатаму имајќи ги секогаш како приоритет интересите на Македонија за разлика од порано. Ние сега ќе бидеме сведоци на едни поцврсти ставови, потврди позиции кога се работи за односите со соседите почитувајќи ги сите норми на меѓународното право, во делот на заштитата на човековите права, правото на самоопределување и сето она што значи заштита на националниот идентитет“***, вели поранешниот вицепремиер за евроинтеграции и универзитетски професор Васко Наумовски.

Од партиите во законодавниот дом, единствено реакција имаше од ДУИ. Интегративците продолжија со нападите. Ѝ замерија на Силјановска-Давкова бидејќи не ги спомнала Рамковниот, Преспанскиот и Договорот за добрососедство. Според нив, го прекршила Уставот со тоа штоа ја нарече државата „Македонија“.

***„Го згази Уставот уште на прва реченица не спомнувајќи Република, ниту Република Северна Македонија, со сите импликации кои ги има тоа. Рече време е за единство, а спомна само двајца лидери од македонскиот блок, исклучувајќи ги сите останати“***, нагласи Арбер Адеми, координатор на пратеничка група на ДУИ.

Според досега прикажаното, се очекува Силјановска-Давкова да продолжи да се однесува како и досега, да ги брани националните и државните интереси и да не споменува „северна“, притоа не кршејќи ги законските прописи.

## ПРЕГОВОРИ МЕЃУ ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈАТА „ВРЕДИ“

Си дадоа „ишарет“ уште во предизборниот период, а сега на големо преговараат за да создадат коалициона влада. Сепак, меѓу двете партии постојат неколку клучни разлики, а убедливо најголемиот проблем се усвојувањето на Уставните измени. Додека ВМРО-ДПМНЕ се изјасни дека за нив се неприфатливи во ваква форма, „Вреди“ одлучи да не коалицира со партија која нема да ги гласа и ќе го спречи напредокот на европскиот пат. Двете партии веќе формираа работни групи што ќе преговараат. Клучните теми вклучуваат дефинирање на принципите на Владата, решавање на економскиот развој и уставни амандмани. Меџити го пофали Христијан Мицкоски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, што покажа скромност со посетата на седиштето на „Вреди“ и покрај тоа што



**Средба меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Вреди“.**
*Извор: ВМРО-ДПМНЕ*



држи 58 пратеници. Овој гест сигнализира ветувачки почеток на преговорите и одразува отстапување од ставовите од минатото. Според Меџити, секојдневно се водат дискусии за усогласување на принципите и на програмите на двете коалиции како подготовка за новата влада.

Сѐ поизвесно е дека во новата влада ќе влезе и новата партија ЗНАМ на Максим Димитриевски, која има пет пратеници, додека Левица засега не добила покана од ВМРО-ДПМНЕ.

Според Меџити, формирањето влада се очекува да заврши до 15 јуни. Тој очекува владината коалиција да брои од 75 до 80 пратеници.

## КЛУЧНА Е ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Од „Вреди“ во повеќе наврати истакнаа дека за Албанците е клучно исполнување на ветеното, а не симболиката и предизборниот фолклор. И покрај тоа што допрва треба да се разговара за распределбата на ресорите, Меџити нагласи дека „Вреди“ бара значајно учество во владата, со фокус на спроведување на програма што се однесува на клучните прашања како што се економскиот развој и подобрувањето на животниот стандард на граѓаните. Нагласувајќи ја потребата од опипливи резултати, Меџити ја истакна важноста од решавање на проблемите на граѓаните над политичките назначувања.

***„Нашиот фокус е на клучните области како што се економскиот развој и подобрувањето на животниот стандард. Иако сѐ уште не сме навлегле во конкретни детали, имаме цел да се осигураме дека нашето учество во Владата е конструктивно и репрезентативно за албанската заедница. Акцентот е ставен на имплементација на програма што се однесува на потребите на граѓаните и ги претвора идеите во опипливи резултати. Во текот на изминатите четири години, Албанците имаа значајни позиции во Владата, но нивното влијание беше ограничено на лични интереси, а не на поширокото население. Наш приоритет е да одговориме на грижите на граѓаните и да обезбедиме тие да доживеат вистинска промена, без оглед на тоа кој има министерски позиции“***, вели тој.



Мицкоски ќе стане премиер во новата влада.
*Извор: ВМРО-ДПМНЕ*



## СЕ НАЈАВУВААТ ДВЕ НОВИ МИНИСТЕРСТВА

Една од клучните промени е реорганизација на министерските позиции во Владата. Две нови министерства – за енергетика, рударство и минерални суровини и за спорт најавува ВМРО-ДПМНЕ како идна владејачка партија. Енергетика и рударство го воведуваат бидејќи досега тоа бил еден сектор во Министерството за економија што многу слабо ја вршел работата. Планот е и досегашната Агенција за млади и спорт да биде трансформирана во Министерство за спорт, а секторот млади да влезе во социјална политика, демографија и млади. Ресорот труд да влезе во Министерство за економија и труд, а оттаму да се издвои туризмот и да биде дел од Министерството за култура.

**„Политиките што се однесуваат на енергетиката се спорадични, ад хок, без системски решенија, и поради тоа сметавме дека производството на квалитетна електрична енергија, со која ќе направиме енергетски стабилна држава, но и грижата за животната средина и за климата, треба да бидат обединети во едно министерство што целиот фокус ќе го има на енергетиката. Затоа ги извлекуваме секторите од Министерството за економија и дополнително ова министерство ќе има надлежност над сите јавни претпријатија за енергетика“**, вели Стефан Андоновски, дополнителен заменик-министер за МИОА.

За реализација на плановите на ВМРО-ДПМНЕ, ќе му биде потребно двотретинско мнозинство во Парламентот. Идејата на ВМРО-ДПМНЕ е да не се зголемува бројот на вработените, но ќе има реорганизација со цел новите институции да бидат пофлексибилни и максимално да им служат на граѓаните.

ВМРО-ДПМНЕ во програмата 1198, објави дека планира намалување од 10% на бројот на јавните институции. Се предвидува укинување на позицијата заменик-директор, како и намалување на управните и на надзорните одбори и на бројот на учесници во нив за да се намали бесполезното трошење народни пари.

***„Институциите што имаат слични или сродни надлежности ќе се спојат во една, со што ќе се намали бројот на директори, управни и надзорни одбори, како и непотребни трошоци. На овој начин ќе се намалат трошоците за функционирање***




Агенцијата за млади и спорт ќе стане министерство.

***на јавниот сектор. Со оваа реорганизација, институциите ќе ги зајакнат своите капацитети, административните службеници ќе добијат можност за напредок, ќе се воспостават јасни линии на отчетност и транспарентност, и на оптимален начин граѓаните ќе добијат квалитетни и ефикасни услуги“***, најави ВМРО-ДПМНЕ.

Предвидена е и изработка на анализа за потребата  од дисперзирање на дел од државните институции во другите градови, со цел да се создадат институционални услови за рамномерен регионален развој и доближување на институциите еднакво до сите граѓани. Таа анализа ќе биде изработена во соработка со ЗЕЛС и со научните институции.

## МИЦКОСКИ ДОГОВОРИЛ МИЛИЈАРДА ЕВРА ПО ПОВОЛНИ УСЛОВИ?

Уште во првото интервју по изборите, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, најави дека договорил финансиски пакет по поволни услови од друга земја, притоа не спомнувајќи повеќе детали.

***„Можам да најавам еден финансиски пакет во соработка влада со влада во вредност од 1 милијарда евра, со исклучително поволни услови. Со добар грејс-период со исклучително атрактивна каматна стапка“***, рече Мицкоски.

Додека некои аналитичари се загрижени дека ова дополнително ќе придонесе за зголемување на јавниот долг, други сметаат дека ако е задолжувањето поволно, само ќе биде поттик за македонската економија.

Засега не се знае за што ќе бидат употребени парите.

Гувернерката на Народната банка Анита Ангеловска-Бежовска рече дека претпочита задолжување пред меѓународните финансиски институции бидејќи тие даваат најповолни услови. Таа рече дека мора да се оправда толкавото задолжување на државата.

***„Прво, намената на задолжувањето мора да е оправдана, да е за нешто што ќе го зголеми потенцијалот на државата и второ, треба да се фокусираме на извори кои ќе обезбедат поволни концесионални услови за финансирање на нашата економија. А меѓународните финансиски институции вообичаено обезбедуваат такви услови за финансирање. Секако, ако има и други извори што би дале такви услови, треба да се земат предвид“***, кажа Ангеловска-Бежовска.

Претставници на ВМРО-ДПМНЕ за медиумите тврдат дека финансиите нема да бидат земени од Кина, Турција или од Русија, а на прашањето дали станува збор за пари од Обединети Арапски Емирати немаше прецизен ниту потврден одговор.

Договарањето за овој финансиски пакет со странската држава се одвивал за време на кампањата.

Мицкоски најави и енергетска инвестиција од 400-500 милиони евра „која ќе произведува некаде околу 1 терават часови електрична енергија годишно“.




**Мицкоски најави милијарда евра финансиски пакет.**
*Извор: ВМРО-ДПМНЕ*

# ГРАЃАНИТЕ САКААТ БОРБА СО КОРУПЦИЈАТА И СПРАВУВАЊЕ СО ИНФЛАЦИЈАТА

Во последното испитување на јавното мислење во Македонија, Републиканскиот институт ИРИ ги детектираше економијата, скапиот живот, невработеноста и корупцијата како најголеми проблеми за населението. Тие треба да бидат главните задачи на идната влада, според истражувањето на Меѓународниот републикански институт.

25 отсто од испитаниците во Македонија одговориле дека високите цени и трошоците за живот треба да бидат приоритет на владата, а потоа следуваат корупцијата со 22 отсто и невработеноста со 10 отсто. Во однос на Европската Унија и интеграцијата на Македонија, само еден отсто од граѓаните рекле дека тоа треба да биде приоритет.

34 отсто од испитаниците сметаат дека ЕУ е сериозна во намерата да им понуди членство на земјите од Западен Балкан, наспроти 47 отсто кои сметаат дека не е сериозна.19 отсто не знаат или не одговориле. На прашањето дали би го поддржале приклучувањето кон ЕУ ако се одржи денес референдум, 68 отсто од граѓаните би гласале „за", додека 13 отсто би биле „против".

**Граѓаните очекуваат нивниот глас да значи подобар живот.**
*Извор: Драган Митрески*



# МОЈА ОПШТИНА

## Интервју со градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков



Кирил Пецаков, градоначалник на Општина Охрид.



**Во изминативе три години, Кирил Пецаков, градоначалникот на Охрид со својот тим реализираа низа проекти што се значајни за граѓаните, особено од инфраструктурата. Според него, туризмот е многу важна стопанска дејност и затоа е важно стратешки, плански и одржливо да се развива, со вклучување на сите чинители. Општината Охрид дава поддршка за проекти за промоција на туристичките потенцијали, културното и природното наследство, како и за унапредување на културните и духовните вредности. Локалната самоуправа работеше на брендирање**

> ПЕЦАКОВ: **СИТЕ ЗНААТ ДЕКА СУМ ЛОКАЛПАТРИОТ И СЕКОГАШ СУМ ПОДГОТВЕН ДА ГО ДАДАМ МОЕТО ВРЕМЕ, ЕНЕРГИЈА И КАПАЦИТЕТ ЗА ДОБРОТО НА ГРАДОТ И ПОДОБРА ИДНИНА НА НАШИТЕ ДЕЦА**

на градот преку различни маркетиншки активности како што се развојот на туристички брошури и видеа. Учествуваа и се претставија на неколку туристички настани и манифестации, како и бизнис-конференции. Имаат постојана соработка со туристичките чинители и туристичките асоцијации. Веќе пристигнаа првите чартер-летови со туристи од Холандија, кои ќе се одвиваат цела летна сезона. И годинава на охридско-струшкото карајбрежје нема да изостанат ниту гостите од Полска, Турција, Србија, како и многубројни домашни гости. Очекуваат успешна туристичка сезона.



Пецаков: „Ако се  прави анализа, би рекол дека причините за овој успех се многубројни. Секако дека важен фактор беше довербата што ја добивме од граѓаните врз основа на нашиот досегашен труд и исполнување на ветувањата.“

**Честитки за историската победа на ВМРО-ДПМНЕ на неодамнешните парламентарни избори и за првата-жена претседателка на Македонија, Гордана Силјановска-Давкова, која беше Ваш кандидат. Што беше пресудно за таа победа, која значи и голема обврска кон граѓаните да се исполни ветеното? Колку и успешната работа на градоначалниците од партијата придонесе за тој триумф?**

Благодариме за честитките по повод изборната победа на ВМРО-ДПМНЕ на Парламентарните избори, како и за изборот на првата жена-претседателка на Македонија, Гордана Силјановска-Давкова. Ние сме горди на постигнатите резултати и свесни за големата обврска која ја носи оваа победа.

Ако се  прави анализа, би рекол дека причините за овој успех се многубројни. Секако дека важен фактор беше довербата што ја добивме од граѓаните врз основа на нашиот досегашен труд и исполнување на ветувањата. Градоначалниците на ВМРО-ДПМНЕ се покажаа како способни лидери кои работеа посветено за подобрување на условите за живот во локалните заедници. Во текот на изминатите две и пол години реализирани се многу проекти кои директно ги подобрија животите на нашите граѓани. Од големо значење е фактот дека нашата предизборна програма беше насочена кон реални и конкретни проекти што ќе донесат видливи промени во секојдневниот живот, во секој дел од Македонија.

Но сепак, клучна улога имаше и довербата во нашата сегашна претседателка, Гордана Силјановска-Давкова, која е респектирана професорка и јавна личност со богата академска и политичка биографија. Нејзината визија за иднината на Македонија и нејзината непоколеблива заложба за владеење на правото и транспарентноста во работата на институциите беа силни мотиватори за да ја поддржат граѓаните.

**Досега на власт беше политичката партија на која не ѝ припаѓавте и не Ве поддржуваше. Сепак успеавте успешно да работите и во такви околности. Имавте со години блокирани сметки, но Вие и Локалното раководство ја**



Пецаков: „Најавата за децентрализација на локалната власт од страна на лидерот на партијата и иден премиер Христијан Мицкоски претставува значаен чекор кон подобрување на ефикасноста и одговорноста на општините."

**презедовте најкомплексната операција, а тоа е конечно раздолжување на Општина Охрид и почеток на нормално функционирање на локалната самоуправа. Како Ви успеа, со кои механизми и кој ви помогна?**

Во изминатите години и покрај тоа што централната власт не ни ја даваше потребната поддршка, успеавме квалитетно да работиме и да ги спроведуваме нашите проекти. Сметам дека принципите кои ги следевме и силната посветеност и професионализмот на нашиот тим беа најглавните темели на постигнатите резултати. И покрај блокираната сметка и финансиските ограничувања, ние се фокусиравме на ефикасно управување со ресурсите и на прецизно планирање.

Важна улога во процесот е и транспарентната комуникација и соработка со граѓаните. Успеавме да ги идентификуваме приоритетите на заедницата и да ги насочиме ресурсите кон најитните потреби.

Стратегијата за раздолжување на Општина Охрид навистина беше комплексна работа и бараше многу труд и трпение. Презедовме серија мерки за финансиска консолидација, со што успеавме да го стабилизираме финансиското работење на општината и да се позиционираме на еден стабилен колосек. Искрено, многу сум задоволен од постигнатите резултати и убеден сум дека со несмалено темпо ќе продолжиме да работиме во интерес на граѓаните на Општина Охрид

**Лидерот на партијата и иден премиер Христијан Мицкоски најави децентрализација на локалната власт. Што би значело тоа во практиката? Ќе успеат ли општините сами да опстанат и да менаџираат со финансиите?**

Најавата за децентрализација на локалната власт од страна на лидерот на партијата и иден премиер Христијан Мицкоски претставува значаен чекор кон подобрување на ефикасноста и одговорноста на општините. Во реалноста, децентрализацијата би значела префрлување на повеќе ингеренции, надлежности и финансиски ресурси од централната власт кон локалните самоуправи. Ова би им овозможило на општините поголема независност во донесувањето

одлуки и управувањето со нивните проекти, позиционирање на приоритети, посакувани резултати за своите граѓани и подобар локален развој.

**Кога ќе се направи пресек на вашите референции за сè што сте сработиле во изминативе три години, импозантен е бројот на проекти што сте ги реализирале. Можете ли да ни издвоите кои од нив се најзначајни, според обемот и важноста на граѓаните?**

Реализиравме низа проекти од инфраструктурата кои се значајни за нашите граѓани. Асфалтиравме улици во секоја населба и село, градевме потпорни ѕидови, се вршеше партерно уредување, се поставуваа нови водоводни линии и канализациони мрежи. Тука би ги издвоил проектите за реконструкција на две поголеми улици кои се во тек. Станува збор за улиците „Гоце Делчев“ и „7 Ноември“. Претходно работевме на реконструкција на улиците „Македонски просветители“, „Ѓорче Петров“, „Будва“, „Прилепска“ и многу други. Изградивме спортски игралишта во повеќе населби, а тука се и проектите за нова подземна инфраструктура.

Во делот на образованието, исто така имавме успешна реализација на значајни проекти во неколку училишни објекти, предвидовме многу новини во делот на поддршката на талентирани ученици, а за првпат обезбедивме поддршка за семејствата на првачиња и во континуитет даваме стипендии за студентите и учениците. Во моментот работиме на изградба на нова спортска сала во ООУ „Ванчо Николески“, а посебно сме задоволни од отпочнувањето на проектот за префрлање на ООУ „Кочо Рацин“ во просториите на поранешната касарна, што ќе значи многу за подобрување на условите за учениците. Тука би ја споменал и изградбата на адреналинскиот парк, голем проект на кој бевме посветени во изминатиот период.

**Кои се плановите за понатамошен развој за општината и следните чекори во реализација на зацртаната цел?**

Охрид заслужува подобар развој и убеден сум дека преку посветена работа ќе успееме да се искачиме многу повисоко на скалилото

Пецаков: „Имаме план и јасна визија како треба да се развива градот во наредните години.“



на успехот на секое поле. Имаме план и јасна визија како треба да се развива градот во наредните години. Во програмите за работа за оваа година креиравме реално остварливи проекти кои ќе можат да бидат реализирани. Тука се низа проекти од инфраструктурата што им е потребна на граѓаните, проекти за квалитетно и модерно образование, поддршка за спортот и спортските клубови, изградба и реконструкција на детски игралишта и многу друго. Исто така, тука се и проектите за подобрување на инфраструктурата во руралните средини и решавање на проблемите со водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води.

Општина Охрид пред сè им е посветена на граѓаните и секогаш сме подготвени да ги слушнеме сите пофалби и критики, но и сите предлози во насока на подобрување на условите за живеење.

**Туризмот е стратешки важна дејност во Охрид и е прекомплесен да се развива само по инерција. Затоа е важно стратешки, плански и одржливо да се развива и да се бара синергија на сите учесници. Со кој напредок во тој контекст ќе се соочат туристите во сезоната која претстои?**

Се согласувам дека туризмот е многу важна стопанска дејност и затоа е важно стратешки, плански и одржливо да се развива, со вклучување на сите чинители. Општина Охрид дава поддршка за проекти за промоција на туристичките потенцијали, културното и природното наследство, како и за унапредување на културните и духовните вредности. Во насока на зголемување на бројот на туристи, Општина Охрид две години по ред го организираше фестивалот „Вино фест", а лани за прв пат го организиравме Фестивалот на водени спортови (Ohrid Water Festival), во чии рамки се одржува и Охридскиот пливачки маратон. Под покровителство на општината, две години се одржува и „Охрид џез-фестивал".

**Во која мера и на кој начин како локална самоуправа работевте на брендирање на градот, особено во туристичка смисла? Дали резултираше тоа со зголемен број**

Пецаков: „Општина Охрид го организира и Фестивалот на водени спортови, во чии рамки се одржува Охридскиот пливачки маратон."



**туристи? Од кои земји годинава има најава за чартери и гости?**

Локалната самоуправа работеше на брендирање на градот преку различни маркетиншки активности, како што се развојот туристички брошури и видеа. Учествуваме и се претставивме на неколку туристички настани и манифестации, како и бизнис-конференции. Имаме постојана соработка со туристичките чинители и туристичките асоцијации. Веќе пристигнаа првите чартер-летови со туристи од Холандија, кои ќе се одвиваат цела летна сезона. И годинава на охридско-струшкото крајбрежје нема да изостанат ниту гостите од Полска, Турција, Србија, како и многубројни домашни гости. Очекуваме успешна туристичка сезона.

**Следната година ќе има локални избори. Се подготвувате ли за нов градоначалнички мандат или имате нови амбиции?**

Во моментот сум насочен кон реализирање на зацртаните цели во овој мандат, кои се насочени кон подобрување на условите за живеење и развој на градот. Сѐ уште е рано за политички разговори и најави за претстојните локални избори. За мене е најважно граѓаните да бидат задоволни од работењето на оваа локална власт. Сите знаат дека јас сум локалпатриот и секогаш сум подготвен да ги дадам моето време, енергија и капацитет за доброто на Охрид и подобра иднина на нашите деца.

**Општина Охрид и оваа година активно се вклучи и ја поддржа кампањата „Ги запознаваме ретките болести“ со осветлување на општинската зграда, неколку јавни објекти и споменици во боите на ретките болести. Хумана мисија на градот што е за почит. На кој друг начин им помагате на тие лица што живеат во Охрид?**

Лицата со ретки болести и нивните најблиски ја заслужуваат нашата постојана поддршка и подадена рака. Тековно ја поддржуваме националната кампања „Ги запознаваме ретките болести“, која има цел да ја подигне јавната свест во општеството и да обезбеди подобри услови за третман и лекување на овие лица.

Општина Охрид во согласност со програмите и законските регулативи за социјална заштита, во континуитет поддржува активности и проекти за обезбедување подобри услови за лицата со ретки болести. Со цел да им се излезе во пресрет на нивните потреби, да се обезбеди поголема инклузија и да им се овозможи поголем напредок во образованието, трета година по ред доделуваме стипендии за ученици, студенти и магистранти со ретки болести.

Горд сум што преку конкретни мерки покажавме дека може да се најде начин и

Пецаков: „Сѐ уште е рано за политички разговори и најави за претстојните локални избори. За мене е најважно граѓаните да бидат задоволни од работењето на оваа локална власт.“



да се обезбеди скромна поддршка, која е од големо значење за овие лица. Се надевам дека ќе бидеме позитивен пример и поттик за останатите јавни институции, кои треба да вложат поголеми напори и да ги исполнат барањата на лицата со ретки болести.

**Приватно, имате хоби и која музика ја слушате?**

Работните денови вообичаено се исполнети со работни обврски бидејќи функцијата градоначалник носи големи одговорности и одрекувања од многу работи. Но, секогаш се трудам надвор од работното време и во викендите да издвојам време за моите најмили, семејството и пријателите. Хоби ми е спортот, а мојата љубов кон ракометот сè уште е многу силна. Страстен навивач сум на нашиот ракометен клуб РК „Охрид“ и речиси секогаш наоѓам време да ги бодрам на трибините. Сакам, пред сè, квалитетна музика, ги почитувам сите музички уметници и жанрови, а особено ја сакам охридската староградска музика.

**Во летниот период се одржуваат многу музички настани. Кои од нив ги посетувате, не во функција на градоначалник, туку како обичен граѓанин на кој му е потребно да се опушти од бурното и стресно секојдневно битисување?**

Како обичен граѓанин, уживам во посетите на различните музички настани во градот, бидејќи тоа ми дава можност да се опуштам и да се забавувам. Изборот најчесто ѝ го оставам на мојата сопруга и на моите пријатели, бидејќи јас немам доволно време за организација и планирање. Охрид навистина е туристички центар кој нуди забавна и музичка понуда за сечиј вкус и возраст. Ние како охриѓани на некој начин имаме привилегија да уживаме во добра забава, особено преку лето.

**Имате ли време да уживате и покрај охридските плажи. Кое место најчесто го бирате?**

Охридското крајбрежје е прекрасно. Има многу локации кои се убави за одмор и рекреација. Но, во екот на летната сезона ретко кога имам можност приватно да посетам некоја од плажите. Тоа ние, охриѓани, го правиме во јуни или во септември, кога нема голем број туристи. Тогаш можеме во мир да уживаме во убавините на природата и на езерото.

**Кои се семејните вредности што им ги пренесувате на Вашите деца?**

Семејните вредности кои со мојата сопруга им ги пренесуваме на нашите деца се исти со оние вредности со кои и нашите родители нè воспитувале. Тие вклучуваат почит кон другите, разбирање, трудољубивост и емпатија. Секако дека современото родителство и модерното живеење, носат нови предизвици, но се трудиме да се држиме кон нашите принципи, морални и етички вредности како семејство.

**Пецаков: „Се надевам дека ќе бидеме позитивен пример и поттик за останатите јавни институции, кои треба да вложат поголеми напори и да ги исполнат барањата на лицата со ретки болести.“**





# НЕИЗБЕЖНИ МЕСТА ЗА ПОСЕТА ВО МАКЕДОНИЈА



**Македонија е една од најпотценетите земји за посета на Балканот, често занемарена од туристите кои го истражуваат регионот. Па дури и да одлучат да ја посетат Македонија, често се одлучуваат за неколкудневно патување или транзит и се ограничуваат само на Охридското Езеро и Скопје. Но, има уште многу прекрасни места за посета во Македонија: планини што го одземаат здивот, шармантни градови, антички места, интересна архитектура и многу повеќе. Туризмот во Македонија е разнообразен и привлечен поради богатствата на земјата во областа на културата, историјата, природата и автентичниот македонски начин на живот. Македонија и тоа како може да стане популарна туристичка дестинација. Во продолжение ќе ви доловиме кои 5 атракции во земјава најмногу им оставиле впечаток на странските туристи.**

## СКОПЈЕ – ГЛАВНИОТ ГРАД НА РЕПУБЛИКАТА

Престолнината на Македонија, Скопје, со право е најпосетуваниот град во земјава. Ако во минатото, туристите беа советувани едноставно да го прескокнат бидејќи беше еден сублимат од остатоци од брутализмот и едноставни нови станбени единици, во последниве десет години сликата стана неизбежно поинаква. Сега, туристите можат да уживаат во новите (иако контроверзни) барокни градби во центарот на градот, спомениците на хероите од минатото, новите музеи, збогатената културна програма.

Странските туристи, сепак, ги опишуваат како еден од архитектонски најчудните градови во Европа. И покрај тоа што Скопјани се поделени во мислењата дали новите архитектонски решенија се доби или не, се чини странските гости се воодушевени од главниот град и сето тоа што тој им го нуди.



Плоштад Македонија.





Преку реката Вардар, туристите најчесто го истражуваат најстариот дел на Скопје – чаршијата со лавиринтот од тесни улички и тврдината што се издигнува над областа. Талкањето таму е како да сте се вратиле назад во времето.

За уживателите во бруталистичката архитектура, Скопје е како огромно игралиште со толку многу конкретни ремек-дела наоколу како на пример Железничката станица, Поштата, Архивот, комплексот факултети, студентскиот дом „Гоце Делчев" и други.

За брзо бегство од метежот и вревата на градот, можете да се упатите кон блиската планина Водно, од каде што можете да пешачите или едноставно да уживате во прекрасната панорама на Скопје и неговата околина.

## КАЊОНОТ НА МАТКА СО ПЕШТЕРАТА ВРЕЛО

Само на кратко возење од Скопје, ќе најдете едно од најубавите места за посета во Македонија – Кањонот Матка. Ова спектакуларно место всушност не го направила природата. Во 1938 година браната била изградена на реката Треска, создавајќи вештачко езеро опкружено со високи планини, најстарото езеро од тој вид во Македонија.

Кањонот Матка зафаќа површина од околу 5.000 хектари. 20% од растителните видови што можете да ги видите овде се ендемични, што значи дека не можат да се најдат на друго место. Можете исто така да видите 77 видови пеперутки во областа!

Во кањонот Матка има и десет пештери, од кои најпопуларна е пештерата Врело. Дури беше вклучена и на списокот на најдобрите 77 природни локалитети во светот во проектот Нови 7 светски чуда. Пештерата Врело е една од највпечатливите природни атракции во Македонија и секако вреди да се посети, особено ако сте заинтересирани за природни феномени и спектакуларни пејзажи. Пештерата Врело се наоѓа во близина на тетовското село Желино. Оваа пештера е позната по своите прекрасни формации на сталактити и сталагмити, кои создаваат впечатливи сцени и облици во пештерата. Исто така, пештерата е позната и по своите подземни реки и езера, што дополнително ја зголемува вредноста на посетата.



**Кањон Матка.**
*Извор: kanjonmatka.mk*





Иако посетата на пештерата Врело не е толку популарна како некои други туристички дестинации во Македонија, нејзината природна убавина и уникатност ќе ви оставаат впечаток. Ако сте заинтересирани за природни атракции и авантури, тогаш посетата на пештерата Врело се смета за многу препорачлива.

Кога го посетувате кањонот Матка, тука можете да ја истражувате природата и да правите многубројни активности, како пешачење, риболов или кајакарење. Можете исто така да најдете некои стари манастири во областа. Но, главната причина да го посетите кањонот Матка е едноставно да видите за какво прекрасно место станува збор. Може да го посетите во секое време, но препораката за најдобриот период е на лето, кога во главниот град е екстремно жешко, додека на Матка температурата е неколку степени пониска и речиси преку целиот ден има сенки и ладовини.

Исто така, реката Треска е популарна дестинација за рафтинг, кајак и други водни спортови. Во Матка има многу места каде што можете да изнајмите опрема и да се придружите на организираните спортски активности.

До кањонот Матка можете да стигнете од Скопје со автобус или да се вклучите во некоја од многубројните тури што го посетуваат ова место.

**Пештера Врело.**
*Извор: explore.mk*





**Охридско Езеро.**
*Извор: balkanea*

## ОХРИДСКО ЕЗЕРО

Охридското Езеро е најневеројатното место за посета во Македонија и едно од најдобрите на Балканот. Речиси и да не постои посетител кој не се воодушевил од глетката на Охридското Езеро, особено од планината Галичица. Без разлика дали преферирате културни настани, религија, археологија, дали сакате релаксирачки или активен одмор – Охридското Езеро може да ги задоволи и најпребирливите вкусови на посетителите. Охридското Езеро е најстаро и едно од најдлабоките езера во Европа, каде што можете да уживате во кристално чистата вода, кајак, параглајдинг, водни спортови и романтични прошетки на брегот.

Централниот стар дел на Охрид е јадрото на градот кој со својата убавина ги запрепастува туристите. Овде се наоѓаат најголем дел од атракциите и спомениците. Најдобар начин да го запознаете Охрид е едноставно да скитате низ Стариот град и да налетате на сè што има да понуди: бројни цркви (се вели дека во минатото имало 365 цркви во градот), Самоиловата тврдина од 10-тиот век или античкиот амфитеатар. Покрај многубројните низбрдни сокаци, кучи со автентична охридска архитектура, Музејот на Робевци, дуќаните за филигран и бисери, една од најголемите атракции, секако е црквата „Света Софија“. Оваа прекрасна византиска црква е една од најзначајните во Охрид, со своите извонредни фрески и архитектура.

Најиконската глетка во Охрид (или дури и во целата земја) е црквата од 14 век посветена на Свети Јован во Канео, изградена на висока карпа над езерото. Најстарата икона во црквата датира од 17-тиот век. Ова место, иако секогаш брои многу посетители оддава чувство на мир и спокој.

Од Канео, со пешачење по кратката земјена патека ќе стигнете до Плаошник. Плаошник е познат како светилиште уште од почетоците на христијанството, а веројатно и пред тоа. Пронајдени се неколку големи ранохристијански базилики, како и остатоците од црквата Свети Пантелејмон која ја изградил и во која работел Свети Климент Охридски. Црквата на Свети Климент и Пантелејмон е една од најстарите христијански цркви во Македонија, позната по своите прекрасни фрески и архитектонски детали.

Уште малку пешачење ќе ве одведе кон највисоките точки во градот каде што се сместени Античкиот амфитеатар (каде што се одржуваат концертите на манифестацијата „Охридско Лето“) и Самоиловата тврдина. Таа е симболот на градот без кој не може да се замисли неговата урбанистичка физиономија и е една од најголемите средновековни градби во Македонија. Со своите утврдувања и ѕидини го зафаќа целиот охридски рид.

Откако ќе завршите со посета на Охрид, покрај езерото има уште места кои не треба да ги пропуштите: Манастирот Свети Наум (основан на самиот почеток на 10 век, тој е еден од најважните верски места во Македонија), Заливот на коските, црквата Света Богородица Заумска, Трпејца, рибарското село Пештани, манастирскиот комплекс во Калишта, пештерските цркви во Радожда итн.

И градот Охрид и езерото се вклучени во списокот на светско наследство на УНЕСКО.



**Мавровско Езеро.**
*Извор: balkanea*

## МАВРОВО



Националниот парк Маврово е најголемиот национален парк во земјата, лоциран во западниот дел на Северна Македонија, во близина на границата со Албанија. Таму можете да најдете прекрасни пејзажи со езера, реки и пештери, како и највисокиот врв во Македонија – планината Кораб (2.764 m). Ова е популарно зимско и летно туристичко место, каде што може да се ужива во активности како скијање, планинарење, велосипедизам и слично.

Најпопуларното место за посета во Националниот парк Маврово е потопената црква Свети Никола од средината на 19 век. Колку всушност можете да видите зависи од нивото на водата во Мавровското Езеро, а во лето кога езерото пресушува можете да ја посетите и црквата внатре.

Областа на националниот парк има всушност поинтересни споменици што можете да ги посетите, а белег е манастирот Свети Јован Бигорски од почетокот на 11 век, со впечатливиот иконостас. Не го пропуштајте и селото Галичник, познато по својата историска архитектура – има најголем број објекти под заштита во целата земја.

Во близина на регионот има многу реки и водопади кои нудат прекрасни природни сцени и можност за релаксација. Овие се само некои од прекрасните места и активности што ви нуди регионот на Маврово. Туристичкиот потенцијал на овој регион е голем, и тоа е одлична дестинација за сите кои сакаат да уживаат во природата и активни одмори.

## КРУШЕВО – ИСТОРИСКИ ГРАД ПОЗНАТ ПО СВОИТЕ ВРВНИ АРХИТЕКТОНСКИ ДЕЛА И БОГАТА ИСТОРИЈА

Сместено на падините на Бушова Планина, Крушево е највисокиот град на Балканот и првиот етноград во Европа. Освен поголемото внимание што го добива градот на лето околу празникот Илинден и во зима поради скијачката сезона, во месеците помеѓу, особено во работните денови, тишината низ крушевските улици ќе ве совлада. Жално е што е тоа така, бидејќи ова гратче има и тоа што да им понуди на туристите.

Крушево има многу музеи, но најпосетен во цела држава е Спомен-куќата на Тоше Проески. За 10 години, дури 700 илјади

посетители стапнале во Спомен-куќата, каде што ќе ве пречекаат негови лични предмети од детството, преку тие од школските денови во Крушево и во Битола, па сè до предмети поврзани со неговата богата музичка кариера.

Убедливо најпосетуван во оваа група е споменикот Илинден или „Македониум", кој доминира над градот, уникатно архитектонско дело што претставува најпрепознатливо обележје на Крушево. Таму се и посмртните останки на познатиот револуционер и прв претседател на Крушевската Република, Никола Карев. Овој споменик ги заинтригира уметниците од цел свет, па овде често се одржуваат разни перформанси, претстави, изложби, концерти.

Друг препознатлив објект отворен за јавноста е галеријата „Никола Мартиноски", сместена во стара куќа со автентична крушевска архитектура, позната по изложените 62 ликовни дела на познатиот македонски сликар. Куќата избрана од самиот Мартиноски додека бил жив е изградена во 1832 година, а убедливо најпознатиот експонат што е изложен во неа е уметничкото дело „Доилка" на сликарот од 1967 година.

Крушево стана видно препознатливо место на мапата на авантуристичкиот туризам. Гратчето се вбројува меѓу најдобрите места во светот за вљубениците во параглајдингот поради географската положба, надморската височина и поволните климатски услови. Очекувано најголема е посетеноста лете, кога се организираат куповите и натпреварите во параглајдинг, а сè повеќе се зголемува и бројот на туристи што сакаат да пробаат параглајдинг во тандем, поттикнати од адреналинска љубопитност да ја почувствуваат магијата на летањето со параглајдер.

Крушево располага и со богата гастрономска понуда. На пазарот има квалитетно овчо и козјо сирење, мед и млеч, а во ресторанти автентични јадења како крушевски колбас, крушевска пита, питулици со лук, чомлек, ширден, крушевско јагне во фурна, крушевски локум и слично. Престојот во Крушево е незаборавно доживување за сите сетила – едноставно чист воздух, храна и одмор на едно место.

**Крушево.**
*Извор: wikimedia.org*



# РАЗВОЈОТ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА КИНЕСКА МЕДИЦИНА ВО МАКЕДОНИЈА

**Во текот на повеќе од 19 години, од 2015 година, повеќе од 100.000 пациенти од различни земји се лекувани од страна на докторите на „Здружението на ТКМ Тонг да танг, Скопје“ со исклучително високи стапки на излекување, а многу од нив се излечени од болести кои се на листата на неизлечиви болести според Светската здравствена организација (СЗО). Пет илјади и двесте студенти на различни универзитети се едуцирани со висок квалитет од професорите од „Здружението за ТКМ Тонг да танг, Скопје“. Шеесет млади студенти по медицина, медицински сестри и физиотерапевти добија едукација за традиционална кинеска медицина (ТКМ) во НР Кина со препорака од „Здружение на ТКМ Тонг да танг, Скопје“. Во областа на научното истражување, повеќе од 200 научни трудови за традиционалната кинеска медицина се објавени во меѓународни научни списанија, а повеќе од 100 научни трудови се со импакт-фактор.**

Продлабочениот развој и разбирање на традиционалната кинеска медицина кај јавноста ја илустрира и побарувачката за традиционална кинеска медицина во Македонија. Особено за време на пандемијата, традиционалната кинеска медицина им даде голема помош на пациентите со КОВИД-19 и одигра позитивна улога во заштитата на медицинскиот систем и здравјето на граѓаните во Македонија.

Поради огромната научно-истражувачка и образовна дејност и клиничка практика, Здружението ги организираше двата интернационални симпозиуми за традиционална кинеска медицина во Македонија, кои имаа огромна посетеност, а активно учество земаа многу професори од Македонија, Кина, Виетнам, Хрватска, Бугарија



# ДУРБИН




Обраќање на ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски.



и др. Првиот интернационален симпозиум се одржа на 6 декември 2017 година во Штип.

На 17 април 2024 година во просториите на Универзитетот Скопје, се одржа Вториот интернационален симпозиум по Традиционална кинеска медицина и акупунктура под темата „Промовирајте го развојот на висококвалитетна традиционална кинеска медицина на меѓународно ниво, развивајте високо образование и подобрувајте го синџирот на индустријата за традиционална кинеска медицина и служете му на здравјето на луѓето". Овој симпозиум го организираше Здружението го организираше во соработка со Универзитетот Скопје, на кој активно учество земаа професори од Македонија и НР Кина.

Симпозиумот го отвори **ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски**, кој уште еднаш се осврна на




Н. Е. Џанг Ѕуо, амбасадор на НР Кина во Македонија.





образованието и здравјето како столбови на опстанокот и развојот на кое било општество и на човештвото во целост.

Посебна чест беше обраќањето на амбасадорот на **НР Кина во Македонија, Н.Е. Џанг Ѕуо**, кој истакна дека традиционалната кинеска медицина е богатство на целото човештво. Традиционалната кинеска медицина потекнува од Кина и му служи на светот. Од антималарична до КОВИД -19, традиционалната кинеска медицина ја покажа својата  единствена вредност во збогатувањето на медицинската кауза во светот и во промовирањето на истражувања во полето на науката за животот. Амбасадорот истакна дека соработката на традиционалната кинеска и западната конвенционална медицина има голема перспектива и дека овие два медицински правци треба да учат „еден од друг“ за да му служат подобро на човековото здравје. НР Кина е подготвена да соработува со Македонија за да се искористат целосно предностите на традиционалната кинеска медицина и за да се промовира заедница на подобро човеково здравје!

На овој симпозиум со одличен спој помеѓу хемиските реакции на водата и водата во ТКМ даде **академик професор д-р Валентин Мирчески.**

Академик професор Валентин Мирчески.



Од НР Кина на присутните им се обратија професори од универзитетите за традиционална кинеска медицина „Лиаонинг“ и „Тианџин“.

Од Универзитетот „Лиаонинг“, учество зеде **проф. д-р Лиу Џингфенг**, декан за меѓународна размена на студенти и директор на одделот за меѓународна соработка на Универзитетот „Лиаонинг“, Шенјанг, НР Кина. Професорот Лиу одржа исцрпен говор за високото образование за ТКМ во Кина, направи споредба помеѓу Кина и Европа, а посебен акцент му даде на квалитетно високо образование со адекватна клиничка практика.

Од Универзитетот „Лиаонинг“ активно учествуваше и **проф. д-р Џанг Хуијонг**, научник и професор, и директор на одделот за хематологија на болницата за ТКМ при Универзитетот, од Шенјанг, НР Кина. Во својот говор, професорот Џанг се осврна на основната теорија и на старата историја на традиционалната кинеска медицина. Тој зборуваше за „библијата“ на традиционалната кинеска медицина од Хуанг Де Ниан Цин, стара 2000 години. Но, тоа не значи дека оттогаш започнува и ТКМ. Уште 3000 години пред Хуанг Де Ниан Цин, ТКМ со својата клиничката практика лекувала многу болни, што укажува на тоа дека ТКМ постои повеќе од 5000 години.  Во своето излагање, професорот особено се задржа на хармонијата меѓу човекот и природата. Секој човек е една честичка од природата, од општествениот живот и од животната средина, па се поставува прашањето како да ги заштитиме нашите органи и како да го исчистиме телото од токсините. Тој истакна дека иако  науката е наука, а животниот стил е промена, филозофијата не се менува. ТКМ дејствува подобро од конвенционалната медицина особено кај автоимуните заболувања и психолошки нарушувања.

**Проф. д-р Јихе Зху** како дел од Центарот за ТКМ „Тонг да танг“ од Скопје и дел од Универзитетот Скопје, со своето



Проф. д-р Лиу Џингфенг, Универзитет Лиаонинг.




Проф. д-р Џанг Хуијонг, Универзитет Лиаонинг.




Проф. д-р Јихе Зху, Центар за ТКМ „Тонг да Танг“.




Г-дин Роџер Дуан Ван Хај.

долгогодишно клиничко искуство, одржа исцрпно предавање за високото образование, законите и правилниците за ТКМ во Македонија и за значењето на квалитетната клиничка практика на идните студенти. Тој го цитираше претседателот на НР Кина, Кси Ципинг, кој изјави: „ТКМ е богатството на древната кинеска наука и клучот за архивата на кинеската цивилизација", а со тоа, квалитетното високо образование е столбот на една цивилизација!

На Вториот интернационален симпозиум активно учество земаа **г-н Роџер Дуан ван Хај и Црвен крст** од Скопје, кои долги години го спроведуваат проектот „Чи-гонг и здравје". На овој проект учествуваат 220 возрасни стари над 70 години. Тие имаат вежбаат чи-гонг три пати неделно, со што го подобруваат и го одржуваат своето здравје.

Од Универзитетот Скопје, **проф. д-р Јана Илиева** даде детално објаснување за улогата на здравствениот менаџмент во здравството и во општеството. Таа нагласи дека здравствениот менаџмент е важна алка за подобри услови и услуги на здравствениот систем.

Од Универзитетот за ТКМ „Тиенџин" од НР Кина активно учество зема и **проф. д-р Венг Мјао**. Таа даде детален осврт за основите на ТКМ, петте елементи и поврзаноста на човекот и природата.

Детален статистички клинички приказ во своето излагање даде **проф. д-р Благица Арсовска**, директор на Центарот за ТКМ „Тонг Да Танг", Скопје. Долгогодишното клиничко истражување на Центарот за ТКМ

Проф. д-р Јана Илиева, Универзитет Скопје.



покажа дека во споредба со конвенционална медицина, традиционална кинеска медицина дава извонредни резултати при превенцијата и лекувањето хипо- и хипертироидизам.

Кога поранешниот македонски претседател Ѓорѓе Иванов ја пречека делегацијата од Универзитетот за традиционална кинеска медицина во „Ченгду" во Македонија во 2015 година, истакна дека кога ја посетил Кина за да присуствува на „Вестерн експо" во октомври претходната година, тој и кинеските лидери постигнале консензус за многу прашања, вклучително и промоцијата на традиционалната кинеска медицина во Македонија. Македонија почна да ги менува релевантните закони за да ја инкорпорира традиционалната кинеска медицина во македонскиот медицински систем. За Македонија ова има големо значење. Кога голем број луѓе ги напуштаат своите родни места, обезбедувањето висококвалитетно образование за ТКМ и обезбедувањето стабилни кариери е несомнено добра заштитна мерка за земјата и за луѓето.

Со оглед на важната улога на традиционалната кинеска медицина во медицинскиот систем на Македонија, Здружението за традиционалната кинеска медицина „Тонг да танг" во соработка со Универзитетот Скопје официјално ќе започне со стручен курс по ТКМ од јуни 2024 година. Наставните методи ќе




Проф. д-р Венг Мјао, Универзитет за ТКМ Тиенцин од НР Кина.

обезбедат продлабочено разбирање за клиничките предности од комбинирањето на патофизиологијата на традиционалната кинеска медицина и на конвенционалната медицина. Конкретно, посебна практична настава е предвидена за болести што СЗО ги смета за неизлечиви, каде што традиционалната кинеска медицина ги ублажува страдањата на терминалноболните пациенти, го подобрува нивното здравје и ги зголемува шансите за преживување.

Овој курс на високо образование на ТКМ е единствениот правен легален образовен курс за ТКМ во Македонија, а кој ќе биде изведуван од наставен кадар што ги исполнува условите од законот за КАМ, односно професори по ТКМ и клинички доктори по ТКМ.

Проф. д-р Благица Арсовска, директор на Центарот за ТКМ „Тонг да танг", Скопје.






АНЧЕВСКА:

# ИДНИНА

**Ема Анчевска, алумни на Универзитетот Скопје, кооснoвач и косопственик на агенцијата за маркетинг и односи со јавност, ИДЕА ЛАБ**

## СО РАЗВОЈ НА ЗНАЕЊЕТО И НА ЛИЧНИОТ БРЕНД-ИДЕНТИТЕТ ДО ЕКСПОНЕНЦИЈАЛЕН РАСТ НА ЛИЧНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ УСПЕСИ



Животот е сплет од различни видови комуникација. Од секојдневни разговори, преговори, состаноци, па дури до пишување, сликање, пеење и танцување, човекот комуницира постојано, непрестајно, секојдневно, свесно или несвесно. Комуникацијата е акцијата и реакцијата на постоењето. Нашето битие и битисување, и сите успеси и неуспеси, се резултат на остримата и диверзитетот на нашата комуникација и со себеси и со сите околу нас.

Проширувањето на личното знаење е можеби највредното нешто што може да си го подарите себеси. Тоа е вградено во темелите на идентитетот на една индивидуа и ја открива убавината на размислувањето и карактерот на човекот. Знаењето е најубавиот аксесоар на една личност. Без него, сите би биле исти, празнина, табула раса.

Воедно, знаењето и личниот развој не придонесуваат само за лични, туку и за колективни придобивки. Сепак, секоја индивидуа може да послужи како инспирација и извор на мотивација за околината, а истовремено и да влијае врз квалитетот на колективното размислување на многубројни теми во општеството, како и во бизнис-опкружувањето.

Да се биде дел од големото алумни-семејство на Универзитетот Скопје, едноставно е бесценето. Како успешна едукативна установа, УТМС на некој начин е и „модерен рудник“ на едуцирани „капацитети“ што го подобруваат општеството, личниот живот и кариера во различни сегменти.





Анчевска: „Каналите на комуникации се осудени вечно да се менуваат, но, токму тука факултетското образование и диплома се отскочната штица и клучниот фактор за трансформација на еден млад човек во вистинска едуцирана личност.“



Ема Анчевска, дипломец при УТМС, а воедно и кооснова ч и косопственик на агенцијата за маркетинг и односи со јавност, ИДЕА ЛАБ, која постои речиси 11 години, е професионалец и експерт за односи со јавност и комуникации.

Настојувајќи секојдневно да се надградува со изучување нови јазици, комуникациски вештини и размислувајќи постојано во претприемачката зона, Ема е вистинска инспирација за тоа како може, па и треба да се направи и да се одржува балансот помеѓу личниот и кариерниот развој со позитивен став, желба за нови искуства и високо ниво на емпатија.

**Оскар Вајлд рекол, „Никогаш не можете да бидете претерано облечени и едуцирани“. А пак Махатма Ганди рекол, „Живеј како да ќе умреш утре, а учи како да ќе живееш вечно“. Дали сте согласни со овие мотивирачки мисли од овие легендарни светски умови? Колку е факултетското образование дел од процесот на градење на личниот идентитет и размислување?**

Да се каже и да се научи, се два различни поими, како што се и двата различни света живот – со и без факултетско образование. Тоа е стартна и појдовна точна во личното откривање на желбата што сакаме да бидеме во животот, што сакаме да осознаеме и како сакаме да го подобриме светот, а и своето секојдневие низ годините кои следуваат. Факултетското образование е „умствено брусење“ на капацитетот на секоја млада личност да се осознае и себеси, како и струката што се нашла како број еден избор во листата на „што сакам да бидам во животот“. Факултетското образование е темелот врз кој со секое предавање, положен испит, ново знаење и пријателства во студентските денови, сме надградени и подобри личности. Квалитетот на факултетското образование природно го збогатува животното искуство на секој

студент низ универзитетските ходници. Да се прими знаење од искусен кадар и професорска фела, каков што е случајот во УТМС, е незаменливо затоа што влијае врз тоа колку ќе бидат проширени хоризонтите на младите генерации и колку голема ќе биде љубовта кон струката и во моментот и во иднина. Факултетот, покрај класичното, сепак овозможува едно поинакво „дипломирање“ и на себеси и на личниот идентитет.

**Комуникацијата е јадрото на човечкиот идентитет. Кој беше клучниот фактор да се одлучите да навлезете во светот на односите со јавност? Со каква премиса дојдовте прввиот пат на УТМС, а пак со каква дипломиравте?**

Храброста за нови искуства и реномето на УТМС како образовна институција беа главните причини да се запишам на Универзитетот, каде што стекнав дел од највредните пријателства и знаења во животот. Се запишав со максимална желба за канализирање на вештините за комуникација, кои се мој главен идентитет од мали нозе, а дипломирав со насмевка, диплома во рака, бројни нови искуства, а и вештини и елан да се впуштам што побрзо во исцртувањето на мојата кариера.

**Новите познанства и стекнувањето нови знаења во факултетските денови е неспоредливо искуство и доволна причина за многумина да се одлучат за факултетско образование, покрај квалитетот на програмите и едукативната установа. Но, како друга паралела, во модерното доба во кое се наоѓаме, со достапноста на различен вид информации, дефиницијата на „образованието“ како поим е мултикратно трансформирана, особено со дигиталните алатки и платформи. Дали може да се пронајде баланс за овие вредности кај новите генерации? Зошто факултетската диплома сè уште ја има својата незаменлива улога и вредност?**

Да, дефинитивно може. Светот моментално живее и дише преку социјалните мрежи. Тие станаа едни од најважните комуникациски канали на човештвото. Миксот од факултетска диплома и дигиталното присуство како креатори на мислења, можеби е новиот интелигентен рецепт за модерната млада индивидуа, која е спремна да ги поткова своето знаење и идентитет со помош на присуството на дигиталните платформи, но и на формалното образование. Сепак, вниманието на очите на светот не може да се задржи ако не знаеме на кој начин и колку добро да го пренесеме и да го

Анчевска: „Храброста за нови искуства и реномето на УТМС како образовна институција беа главните причини да се запишам на Универзитетот, каде што стекнав дел од највредните пријателства и знаења во животот.“



комуницираме она што сакаме да го кажеме. Каналите на комуникации се осудени вечно да се менуваат, но, токму тука факултетското образование и диплома се отскочната штица и клучниот фактор за трансформација на еден млад човек во вистински едуцирана личност, која има што да каже и да пренесе, личност која кажува, а не личност што само зборува.

**Професорите за време на вашето образование на УТМС, беа главниот канал за восприемање нови знаења и професионални искуства. Секој студент е на прагот на создавање и формирање на своето вистинско и автентично „јас“ кога започнува со своите студии. Според вас, која е висината на квалитетот на професионалниот пристап на кадарот во УТМС, а воедно и на начинот на пренесување на знаење од професор на кој било студент?**

Само еден професор може да направи разлика дали еден студент ќе ги засака или ќе ги замрази универзитетските денови, како и струката и насоката што ги одбрал на почетокот. Речиси секогаш, многу малку е потребно за да се создаде, дознае, пренесе и научи нешто ново. Нова желба, ново знаење, нови искуства. УТМС е пионер на национално ниво за квалитетот на образовниот кадар, без кој самиот Универзитет немаше да прерасне во тоа што е денес. Квалитетното ниво на образование и искуство на кадарот, но и психолошки правилниот пристап од професор кон студент, најпрвин како пријател, е она што го издвојува УТМС од останатите. Моите студии и кариера ме научија дека најважно пред сè е да се биде човек, а потоа сè друго. Уникатната мешавина на кадарот, но и нивото на акредитациите на установата, како и програмите, се причината зошто многумина се одлучуваат своето образование да му го доверат и да го изградат во УТМС.

**Колку Ви помогнаа стекнатите комуникациски вештини и познавања во вашата образовна струка, во вашето бизнис-секојдневие и стартување на сопствена агенција?**

Комуникациските вештини се неизоставен дел од мојот идентитет. Факт што од моето детство до сегашноста се докажува сè повеќе како точен. Во 2013 година ја основав агенцијата ИДЕА ЛАБ, заедно со мојот бизнис-партнер, Димитар Атанасовски. Заедничкиот интересен микс на упорност и комуникациски вештини, само ја надополнија мојата отвореност, храброст и желба дека секој може сè, секој може да се запознае со кого било и секој може да создаде што и да замисли во животот. Ако се плашев и минимално од неуспех во ерата пред ИДЕА ЛАБ, Димитар дефинитивно ги оттргна сите мои сомнежи дека и дома може да се успее, како и дека ако не се праша, одговорот секогаш ќе биде „не“, ако не се проба, ништо никогаш нема да се промени. За да има успех, страв од неуспех мора да има, но тоа не мора да значи дека тој страв треба да победи. Она што го научив за време на моите универзитетски студии, а и практичното искуство кога бев студент, ми помогнаа значително во моите први бизнис и практични искуства. Работење во агенција, водење на пиарот на пејачот Ѓоко Танески на Евровизија во Осло, водење клиенти од различни индустрии, креирање кампањи, снимање спотови, организирање пресови, менаџирање тимови, стартување своја агенција, зачленување на ИДЕА ЛАБ во најголемата мрежа на комуникациски агенции во светот, надградување на себеси.

**Зошто вреди високото образование да се стекне „дома“, во татковината, во земјата каде што секој се чувствува свој? Дали запишување на Универзитет дома, а не во странство, беше една од причините зошто се запишавте, а воедно и дипломиравте на УТМС? Дали ќе познававме малку поинаква Ема, со поразлични размислувања, перцепции и вредности ако студиравте**



Анчевска: „Најубавите години од младоста вредат да се инвестираат во образовна установа со историја на успеси, реноме и иновативност, каква што е УТМС.“



**некаде во странство?**

Ако студирав во странство, сигурно ќе постоеше ризик да не се вратам назад, како и да размислувам во малку поинаква насока за многу нешта во животот. Сметам дека да се впие знаење, факултетско знаење, од професионален кадар во својата земја, од наше поднебје, е незаменливо. Причината зошто е што тоа нè подготвува за реалните предизвици во кариерата и во животот токму во нашата околина и општество.

**Да се комуницира е навидум можеби доста лесно. Но, нивото на добра комуникација може да направи разлика помеѓу нови успеси и неуспеси, помеѓу прифаќање на пичирана понуда на нови клиенти до нејзино одбивање, помеѓу разбирање и недоразбирање. Сето тоа е клучно во бизнис-сферата, особено во дигиталниот свет што нè опкружува, во кој комуникацијата има 1001 форма. Колку се трудевте да ја „изострите“ вашата комуникација низ годините додека ја градевте вашата кариера?**

Комуникацијата е некаков вид лична домашна што треба да ја пишуваме постојано одново и одново. Одговорот лежи во шансата со начинот на кој комуницираме да станеме подобри личности и комуникатори, без разлика дали ја имаме кренато на ниво на експертиза, а и без разлика дали комуницираме со пишана порака, мејл, писмо, говор на телото, дигитален коментар, емоџи, кажан збор, песна, боење со четка. Добрата комуникација се трансформира секојдневно и таа може да се разликува во случаите кога комуницираме со една или друга индивидуа. Она што гарантирано ја подобрува, е трпението и умешноста да се сослушува соговорникот пред да одлучиме и да кажеме каков било одговор или реплика. Во тоа и се крие тајната на комуникациските експерти и на добрите лидери.

**УТМС беше дел од Вашето факултетско образование и Ваш избор. Дали постои разлика во нивото на тоа колку би го препорачале како образовна установа и за додипломски и за постдипломски студии пред стартот на вашето факултетско образование и сега?**

Ако го препорачував секому тогаш, колку го препорачувам и сега е одговор што може

автоматски да се извлече од тоа што значи и што симболизира УТМС за мене. Најубавите години од младоста вредат да се инвестираат во образовна установа со историја на успеси, реноме и иновативност, каква што е УТМС.

**Во што лежи иднината на квалитетното факултетско образование?**

Трансформирање на начините на како треба кадарот во секоја образовна установа да ги привлече вниманието и интересот на младите студенти, а воедно и практичниот пристап на пренесување и впивање на знаењето за време на студиите, во многу блиска иднина ќе прераснат во најглавните алки за тоа дали некој воопшто ќе се одлучи за формално факултетско образование или ќе се потпре на моќта на лесната дигитална достапност на информациите.

**Дали е голема разликата помеѓу Ема што се запишуваше на УТМС во минатото и Ема од сегашноста? Дали сте задоволни од својот личен развој и личноста што ја имате изградено?**

Ема како нов запишан студент на УТМС тогаш и Ема сега, се истовремено истата, но сепак две драстично поразлични личности. Тврдам дека се разликуваат во поглед на искуството и знаењето – и факултетското, а и она другото, практичното, кое ми го доградува животот со секој изминат ден. Одлуката да продолжам да го негувам својот личен развој е нишката што носи поголема самодоверба и сигурност да се ценам повеќе, затоа што колку што повеќе знам и осознавам, толку сум подобра личност, пријател, менаџер, партнер, претприемач, мајка, сопруга, ќерка. А зарем е возможно тогаш да не се влијае позитивно и на светот околу нас? Едноставно е. Љубовта кон знаењето ќе го спаси светот. Со развојот на моето знаење во сите сфери на мојот професионален и личен живот, го негувам личниот бренд-идентитет, нешто што ме носи до сопствената експоненцијална градација на лични и професионални успеси.

**Анчевска: „Одлуката да продолжам да го негувам својот личен развој е нишката што носи поголема самодоверба и сигурност да се ценам повеќе, затоа што колку што повеќе знам и осознавам, толку сум подобра личност, пријател, менаџер, партнер, претприемач, мајка, сопруга, ќерка.“**




UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk



# ИТАЛИЈА – ЗЕМЈА ПАРТНЕР НА МАКЕДОНИЈА

Поддршка за евроинтеграциите, економијата, образованието, културата, за одбраната и најважно, за членството во меѓународните организации. Италијанскиот претседател и Италија се подготвени во натамошниот пат да помогнат околу давање гаранции за нашата европска политичка иднина и со тоа да застанат зад нас. Ова доаѓа по средбата на претседателката  на Македонија Гордана Силјановска-Давкова со претседателот на Италија, Серџо Матарела. Претседателката средбата ја оцени како плодна и конструктивна. На неа разговарале за сестраната соработка во период од 30 години, не само со нас, туку и со целиот регион на Западен Балкан.



**Постигнавме согласност дека европските стандарди треба да се почитуваат од сите и од оние што се надвор, како и од оние што се внатре.**
*Извор: Кабинет на претседател*



***„Претседателот рече дека Италија ќе продолжи да го поддржува регионот, да нè поддржува нас, во секој поглед, не само во евроинтеграциите, туку и во економијата, образованието, културата, во одбраната, па и во нашето членство во меѓународни организации“***, рече Силјановска-Давкова.

Претседателката на Македонија на средбата ја импресионирало тоа што италијанскиот претседател Матарела покажал длабоко разбирање за направените жртви на земјава во процесот на евроинтеграциите.

***„Претседателот напомена дека во моментов не може да зборуваме дека има големи и мали држави во ЕУ, дека сите се мали и дека сите имаат потреба едни од други. Постигнавме согласност дека европските стандарди треба да се почитуваат од сите, и од оние што се надвор, како и од оние што се внатре“***, рече Силјановска-Давкова.

На средбата, како што информира кабинетот на претседателот на Италија, присуствувала и државната потсекретарка за надворешни работи и меѓународна соработка, Марија Триподи.

***„Со цел одржување на кредибилноста на процесот на проширување и почитување на меѓународното право и универзалните демократски вредности, претседателката Силјановска-Давкова изрази надеж дека Италијанската Република и во иднина ќе го поддржува мериторниот процес на исполнување на Копенхагенските критериуми во однос на евроинтеграциите. Воедно, таа изрази подготвеност за соработка со цел***



**Претседателката Гордана Силјановска-Давкова на аудиенција кај папата Франциск.**
*Извор: vesti.mk*





***доследна реализација на сите неопходни реформи во клучните области кои беа нотирани од страна на Европската Комисија. Како НАТО-сојузници, на средбата беа потврдени подготвеноста за продолжување на одбранбената соработка и меѓусебната поддршка во однос на надминувањето на актуелните безбедносни предизвици на европскиот континент. Во таа насока, беа разменети мислења околу политичките состојби и отворените прашања на Западниот Балкан, кои се од интерес за безбедноста и за стабилноста на поширокиот регион“***, се вели во соопштението од Кабинетот.

Инаку, претседателката Силјановска-Давкова ја заврши посетата на Рим и Ватикан во рамки на чествувањето на 24 Мај – Денот на сесловенските просветители, светите Кирил и Методиј. Таа беше на аудиенција кај папата Франциск, а присуствуваше и на молебен на гробот на Свети Кирил во базиликата „Свети Климент“, каде што имаше кратка богослужба за оддавање благодарност, која ја водеа митрополитот дебарско-кичевски Тимотеј и митрополитот европски Пимен од Македонската православна црква – Охридска Архиепископија. Потоа положи венец пред спомен-плочата на македонски јазик во базиликата „Санта Марија Маџоре“.

***„Кирил бил со векови пред времето, го вградил не само својот живот, туку и нашиот живот, на некој начин, во Европа пред многу, многу векови, и тоа мора да го почитуваме. Кирил порачал дека јазикот е код за разбирање, дека треба да се разбираме, да се обидеме да се слушаме, да се помагаме. Кога вака доаѓаме едни по други, има ли поголем доказ дека тој на ум имал обединување на сесловенскиот свет. Тој им припаѓа на сите и мислам дека неговата порака е хумана порака“***, порача Силјановска-Давкова.

Митрополитот европски, владиката Пимен,



Силвестри: „На политичко, но и на економско ниво, еден сме од најважните партнери на Македонија.“
*Извор: Амбасада на Италија*



кој одржа богослужба заедно со владиката Тимотеј, кажа дека овој настан, кој се организира по 56. пат, е од особено значење во теолошка смисла, но и за македонскиот народ воопшто.

*„Токму тука, каде што почива Свети Кирил, е победен тријазичниот ерес. Тоа покажало дека на секој јазик може да се слави Господ Бог и со тоа се дава можност секој човек на свој јазик да слушне за Господа. Да не биде само пасивен набљудувач, туку активно да може да ѝ се посвети на службата. Делото на Свети Кирил е од значење за македонскиот народ во контекст на користењето на кирилицата и затоа што македонскиот народ останал посебен од сите словенски народи со својот македонски литературен јазик, кој не е копија на ниту еден друг“*, изјави митрополитот европски Пимен.

Италија е партнер на Македонија во многу области. Од неодамна, министерствата за одбрана на двете земји потпишаа договор за обезбедување на македонскиот воздушен простор со италијански воени воздухоплови.

*„Италија има чест што може да даде свој придонес во оваа насока и ѝ благодари на Македонија за довербата“*, рече италијанскиот министер за одбрана.

Поддршката за Македонија од страна на Италија, досега неколкупати ја потенцирал и амбасадорот на Република Италија во Македонија, Андреа Силвестри.

„На политичко, но и на економско ниво, еден *сме од најважните партнери на Македонија, како во поглед на трговската размена, така и во однос на инвестициите. Сигурно би можело да се направи и повеќе. Мислам дека зајакнувањето на инфраструктурните врски ќе помогне во таа смисла. Но, како амбасада ќе вложиме напори за да се создадат повеќе можности за средба на италијанските со македонските*

*фирми. Правиме многу и на културен план. Минатата година ја потпишавме и новата Програма за соработка во областа на културата, образованието и на науката. Организираме многубројни иницијативи. Би сакал да споменам две кои се однесуваат на јазикот. Го промовираме изучувањето на италијанскиот јазик во основните училишта на Македонија, но, ќе има и пилот-проекти во Италија за изучување на македонскиот јазик. Во Италија има голема македонска заедница која брои околу сто илјади лица. Впрочем, станува збор за иницијативи кои ќе бидат организирани и во рамките на прославата на триесеттата годишнина од воспоставувањето на дипломатските односи.*

*Европската земја Италија, можеби е силна на политички и дипломатски план и е ветер во грб за нас кога се соочуваме со историски одлуки. Но, сепак, и Македонија има место каде што ја покажува својата сила, а тоа е на спортските терени. Иако Италија најчесто излегува како победник во меѓусебните соочувања на европското одбојкарско првенство, сепак нашата земја долго ќе се гордее на сензационалниот триумф над „азурите“ во баражот за светското фудбалско првенство во 2022, кога македонските играчи со својата умешност ја оставија фаворизираната Италија без пласман на мундијалот во Катар.“*



Токму тука, каде што почива Свети Кирил, е победен тријазичниот ерес.
*Извор: Кабинет на претседател*



## СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ ГО МЕНУВАЛЕ СВЕТОТ

Константин (познат под монашкото име Кирил) и Методиј се браќа родени и пораснати во Солун. Потекнуваат од угледно солунско семејство. Нивни родители биле Лав и Марија.

Кирил бил монах, а Методиј епископ и архиепископ.

Во Рим, Константин тешко се разболел. Се замонашил во февруари 869 година и по педесетина дена починал. Непосредно пред смртта, го примил монашкото име Кирил. Неговото тело со високи верски почести било положено во црквата „Св. Климент" во Рим, каде што се наоѓа до денешни дни.

Методиј, со добиениот архиепископски чин од папата, се вратил во Велика Моравија за да продолжи со мисијата. Заедно со своите ученици, дејноста ја вршел со големи тешкотии поради силниот притисок од германското духовенство, сè до смртта во 885 година.

Светите Кирил и Методиј се едни од најважните личности во словенската, а со тоа и во македонската, но и во европската историја.

Најзначајната мисија за браќата е Моравската мисија, за која специјално ја создале глаголицата, посебна азбука според јазикот што го зборувале Македонските Словени од околината на Солун, составена од 38 букви. Превеле дел од Библијата и неколку богослужбени книги на старословенски јазик и заминале во Велика Моравија. Старословенскиот јазик е третиот јазик на кој е преведена Библијата, по старогрчкиот и по латинскиот јазик.

Светите браќа Кирил и Методиј се основоположници на словенската писменост и литература и се заслужни за културниот развој на сите словенски народи.

За животот и дејноста на словенските просветители, најмногу податоци добиваме од делата: „Панонски легенди", „Климентовото житие од Теофилакт", „Климентовото житие од Хоматијан" и „О`писменех" од Црноризец Храбар.

Во современиот свет, тие се единствените личности што можат да се дефинираат како мост меѓу вечниот ривалитет на Источна и Западна Европа.

Нивната просветителско-христијанска мисија беше столбот на едниот крај од Европа, а одлуката на папата Иван Павле Втори да ги прогласи за созаштитници на Европа е столбот од тој мост на другиот крај на Европа.

Секоја година на 24 мај продолжува да се слави нивното дело.

# КОМПАРАЦИЈА

## ЗАВРШИ ЛИ ЕРАТА НА ЕВТИНИТЕ АВИОБИЛЕТИ? КАКВИ СЕ ЦЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ? КОИ СЕ НАЈПРОМЕТНИТЕ АЕРОДРОМИ ВО РЕГИОНОТ И ВО СВЕТОТ?



**Со авион од Македонија до некоја од западноевропските или прекуокеански земји, пред дваесет години, за многу луѓе беше мисловна именка. Патуваа граѓаните со подлабок џеб, некои службено, или оние што навистина имале потреба.**

**Да се користат во минатото авиолиниите за викенд или туристички на неколку дена, беше невозможна мисија затоа што бројот на авиокомпании што летаа од и до Скопскиот или Охридскиот аеродром беше многу мал, а цените на авиобилетите беа изгор скапи.**

Голем пресврт на ваквата состојба првпат се случи во 2012 година, кога тогашната Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ, воведе финансиска поддршка на нискобуџетни авиокомпании. Тие по добиените субвенции имаа обврска етапно да го зголемуваат бројот на дестинации од Македонија, а тоа од година во година придонесе драстично да се зголеми бројот на патници на Скопскиот и Охридскиот аеродром кои патуваа надвор од Македонија.



Меѓународен аеродором Скопје.



Но, и оние кои живеат надвор од земјата, почнаа често да доаѓаат во својата родна земја.

Авиокомпанија што аплицираше на првиот, но и на останатите огласи и доби субвенции беше унгарската Визер, која до ден денешен оперира од Скопскиот и од Охридскиот аеродром.

Новите дестинации и евтините авиобилети го зголемија интересот за летање, а за тоа сведочат и статистичките податоци од година во година. По нивното воведување, граѓаните можеа буквално да најдат и да купат билет за 10 евра до некои од европските дестинации, па така честопати се шегуваа дека поскапо чини такси-превозот од Скопје до аеродромот отколку авионската карта.

Ваквата поволна состојба во авиобизнисот се смени за време на пандемијата со Ковид-19, а некои прогнозираа дека по пандемијата, ќе дојде крајот на ерата на евтини летови.

Во моментов се чини дека авиобилетите не се на нивото како пред пандемијата, најверојатно поради инфлацијата, но и сега можат да се најдат билети за секој џеб, во зависност од периодот во кој планираме да патуваме, односно дали е сезона за некоја дестинација или дали се празници. На пример, цените на авиобилетите се скапи за и околу католички Божик, како и за летните одмори.

Евтини авиобилети освен од Скопје, има и од градовите во регионот, како Белград, Тирана, Софија, Приштина, Ниш. И таму од година во година има раст на превезени патници, а неретко и македонските граѓани летаат од овие места поради разликата во цените на билетите. Во оваа споредба, ќе дадеме неколку примери за тоа колку чинат билетите **во еден правец** од овие градови до одредена дестинација.

**До Дортмунд, Германија**

Од **Скопје за Дортмунд**, на пример, на 18 јуни, може да се купи карта за 1299 денари или, пак, доколку имате картичка на Визер-клуб, може да ја купите за 680 денари.

Од **Белград за Дортмунд**, на 19 јуни, може да летате за 3.391 денари.

од **Приштина за Дортмунд**, на 24 јуни, картата изнесува 2.800 денари

Од **Софија за Дортмунд**, на 18 јуни картата во еден правец изнесува 2.011 денари.

Од **Тирана за Дортмунд**, за 19 јуни, картата во еден правец изнесува 3.111 денари.

**До Базел, Швајцарија**

Од **Скопје за Базел** на 18 јуни е 3.249 денари, на 19 јуни е 2.599 денари, а во деновите по овие датуми може да се најдат и поевтини карти.

Од **Белград за Базел** на 20 јуни за еден правец е околу 2.000 денари

Од **Софија за Базел**, за среда, 19 јуни, е 2.169 денари.

Од **Тирана за Базел**, на 18 јуни, авионската карта изнесува 3.128 денари.

**До Рим, Италија**

Од **Скопје за Рим**, на 19 јуни на пример, може да се купи карта за 969 ден.

Од **Белград за Рим**, на 23 јуни, картата изнесува 2.587 денари.

Од **Софија за Рим** за во недела на 16 јуни, цената на авионски билет изнесува 1.351 денари.

Од **Тирана за Рим**, на 19 јуни, картата изнесува 15 евра или околу 900 денари.

**До Париз, Франција**

Од **Скопје до Париз** на 22 јуни картата е 1.949 денари.

Од **Белград до Париз** на 23 јуни картата изнесува 2000 денари.

Од **Софија до Париз** на 21 јуни картата изнесува 2.420 денари.

Од **Тирана до Париз** на 18 јуни картата изнесува 1.200 денари.

Преку оваа споредба се обидовме да пренесеме какви се цените на авиобилетите од Скопје, но и од другите градови во регионот. Треба да нагласиме дека ова се цените во моментов кога ја правевме споредбата и дека може да претрпат изменување ако пребарувате некој друг ден. Интересно е да се спомене дека во некои периоди, ако се споредат цените во Скопје и во останатите регионални градови - има голема разлика, односно цените се пониски во регионот отколку од Скопје.





## НА ДВАТА АЕРОДРОМИ ВО 2023 ГОДИНА ИМА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПАТНИЦИ ЗА 33 ПРОЦЕНТИ СПОРЕДЕНО СО 2022 ГОДИНА

Дека граѓаните сакаат да патуваат, покажуваат и податоците на концесионерот ТАВ. Двата македонски аеродрома, ја завршија 2023 година со значително закрепнување на патничкиот авиосообраќај со што достигнаа приближно 3,15 милиони патници или вкупно 3.149.274 патници и 23.949 летови да бидат опслужени.

Вкупниот број на патници, 3.149.274, постигнат во 2023 година е значајна пресвртница за двата македонски аеродрома, а значи и две истовремени достигнувања – надминување на рекордниот број патници од 2019 година од речиси 2,7 милиони патници. Првпат се опслужени 3 и над 3 милиони патници на двата аеродрома.

Најфреквентни дестинации од Меѓународниот аеродром во Скопје според статистиката за

**Аеродром „Св. Апостол Павле“, Охрид.**
*Извор: ТАВ*



патничкиот авиосообраќај на ТАВ Македонија, за 2023 година, биле Истанбул (двата аеродрома ИГА и Сабиха Гокчен со 10,9% пазарен удел), Базел Милуз (6,4%), Цирих (5,4%), Франкфурт (4,7%), Дортмунд (4,5%), Виена (4,4%), Минхен Меминген (4,3%), Анталија (3,2%), Хамбург и Келн (по 2,7%).

Топ 5 земји со директни летови за 2023 година беа Германија (28,3% пазарен удел); Турција (16,1%); Швајцарија (13,4%); Шведска (6,5%); и Италија (6,4%).

Во однос на учеството на авиокомпаниите во патничкиот сообраќај во 2023 година на скопскиот аеродром, Визер превезе најголем број патници во 2023 година (61,8% пазарен удел); потоа следат Тиркиш ерлајнс (7%); Пегасус ерланјс (6,2%); Авсртија ерлајнс (4,4%); Чеар ерланс (3,7%).

На Охридскиот аеродром, во 2023 година, најфреквентна дестинација за патување беше Базел (21,5% пазарен удел), потоа Виена (21%), Дортмунд (16,4%), Меминген (11,9%), Малме (9,4%), Цирих (9,3%), Амстердам (8,8%), а останатите дестинации се со пазарен удел од 0,5%.

## КОЈ Е НАЈПРОМЕТНИОТ АЕРОДРОМ ВО РЕГИОНОТ?

Меѓу 10-те најпрометни аеродроми во нашиот регион, секој од нив опслужи повеќе од милион патници во минатата година.

Во овој поглед водат Белград и Тирана, додека аеродромот во Подгорица е на осмото место.

Аеродромот „Никола Тесла“ во Белград соопшти дека лани забележале рекордни 7.948.202 патници, што е за 42 отсто повеќе од 2022 година.

Речиси идентичен раст има и во случајот со аеродромот „Мајка Тереза“ во Тирана – тие опслужија 7.257.574 патници, односно 40 отсто повеќе од претходната година.

Повеќе од три милиони патници се регистрирани на три аеродроми во 2023 година – во Загреб (3.723.650), Приштина (3.424.883) и Сплит (3.358.902).

Од нив Скопскиот аеродром евидентирал 2.883.378, а на аеродромот „Руѓер Бошковиќ“ во Дубровник во истиот период поминале 2.416.818 патници.

На аеродромот во Подгорица опслужени се 1.657.522 патници, што е зголемување за 32 отсто во однос на 12 месеци од 2022 година.

На аеродромите во Сараево (1.369.007) и Љубљана (1.270.382) се регистрирани повеќе од милион патници.

**Меѓународен аеродром „Никола Тесла“, Белград.**
*Извор: beg.aero*





**Меѓународен аеродром Истанбул.**
*Извор: architecturaldigest.in*

## ИСТАНБУЛ – НАЈФРЕКФЕНТНИОТ АЕРОДРОМ ВО ЕВРОПА

Аеродромот во Истанбул е прогласен за најфреквентен аеродром во Европа втора година по ред со просечни 1.375 летови дневно, се вели во извештајот на Европската организација за безбедност на воздушната пловидба (Евроконтрол) за 2023 година.

Просечниот дневен број летови на аеродромот во Истанбул во 2023 година е зголемен за 19 отсто во однос на претходната година, а на 22 јуни е поставен нов рекорд со 1.684 летови.

Според извештајот, на второ место е аеродромот Шипхол во Амстердам со просечни 1.255 летови, Лондон Хитроу со 1.251 лет, Париз Шарл де Гол со 1.247 летови и аеродромот Франкфурт со 1.179 летови, пренесуваат светските медиуми.

Турското Министерство за транспорт објави дека со пораст од 16 отсто, Турција минатата година имала најголем пораст на просечните дневни летови во Европа.

Како резултат на тоа, минатата година се најде на шестото место меѓу земјите со најпрометни дневни летови (полетувања/слетувања) во Европа. Просечниот дневен број на летови во земјата во 2023 година достигна 3.026, соопшти Еурконтрол.

Земјите со најголем просечен дневен број на летови во Европа се Велика Британија со 5.290, Шпанија со 4.616, Германија со 4.532, Франција со 3.999 и Италија со 3.500.

Во Турција, просечниот дневен број летови во 2023 година ги надмина нивоата од 2019 година, пред пандемијата на Ковид-19, за над 8 проценти.

## НАЈПРОМЕТНИТЕ АЕРОДРОМИ ВО СВЕТОТ ВО МАЈ 2024 ГОДИНА

Светски познатиот аналитички систем и страница за рејтинг на авиоиндустријата и линиите ОАГ ги објави десетте топ аеродроми на глобално ниво (вклучувајќи го меѓународниот и домашниот сообраќај), каде што веќе традиционално Атланта во САД е на првата позиција со понудени 5,5 милиони седишта, што е зголемување од 3% во однос на минатиот месец за дневна достапност на седишта, потоа Дубаи ОАЕ со 5 милиони понудени места дневно во сообраќај и Токио Ханеда со 4,7 милиони седишта. Во Европа секако предничи лондонски Хитроу, додека кинеската Гуангжу е меѓу првите десет со Шангај во Азија.

Рангирањето на аеродромите во светот би изгледало вака

1 Атланта АТЛ - 5.545.681 седишта

2 Дубаи DXB - 5.027.563 седишта

3 Токио ХНД - 4.690.590 седишта

4 Далас/Форт Ворт DFW (Меѓународен) 4.508.611 седишта

5 Лондон LHR (Хитроу) 4.466.742 седишта




**Аеродром во Амстердам.**
*Извор: amsterdamairport.info*

6 Денвер DEN (Меѓународен) 4.253.702 седишта

7 Истанбул IST (Меѓународен) 4.177.937 седишта

8 Чикаго ОРД - 4.136.724 седишта

9 Гуангжу МОЖЕ - 4.136.531 седишта

10 Шангај ПВГ - 4.040.409 седишта

И покрај значителниот патнички сообраќај низ светот, туризмот и патувањето всушност не се целосно закрепнати на нивоата пред пандемијата, но тие се приближуваат до тие бројки.

Неодамнешниот извештај на Светскиот совет за патувања и туризам (WTTC) откри дека индустријата закрепнала до 95 проценти од нејзиниот пазарен удел во 2019 година. Бројот на работни места, исто така, се зголеми за 21,6 милиони нови работници во 2022 година, што е повеќе од 295 милиони на глобално ниво, или секое 11-то работно место во светот.

Генерално, трендот изгледа позитивно за оние кои се вклучени во туристичката индустрија.

**Аеродром Атланта.**
*Извор: atl.com*






Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -

# Superbrands

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC